# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 21 март 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам да почнеме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Есад Рахиќ, Сашо Дохчев, Љупчо Мешков, Сашо Кедев и Петар Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 80 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Предлогот на законто Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор г. Хари Костов, министер за внатрешни работи.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Благодарам господин претседателе, господа пратеници, само накратко вон од причините кои се наведени во самиот закон би укажал дека предлогот кој

денеска е доставен фактички произлегува и од Рамковниот договор и конкретно од уставните амандмани, од В- уставен амандман.

Рамковниот договор, како што знаете, беше во август 2001 година, уставните амандмани беа во ноември 2001 година и еве повеќе од година и пол откако овој закон не е донесен.

Само да потсетам и во анексот Б од Рамковниот договор кој фактички е преточен и низ Уставот и низ конкретни законски прописи, постоеше обврска дека Собранието и во изминатиот состав требаше да ги донесе овие измени на законскиот пропис, тоа е јасната определба на Владата за спроведување на одредбите од Рамковниот договор односно на уставните измени. Тоа се основните причини поради кои Владата предложи донесување на законот по иста постапка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка ..

Процедурално господинот Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Ви благодарам г. претседателе,

Нема да дискутирам за причините зошто законот треба да биде донесен по итна постапка, бидејќи немам право во процедурата за итна постапка по која се предлага овој закон. Сакам само да прашам во Владта поднесов еден предлог во врска со оваа материја, претходно пред две недели иако Владата не се произнесе по овој предлог што е поврзан со овој Предлог на закон. Мислам дека станува збора за една многу сензитивна работа, многу значајна работа како дел од Охридскиот Рамковен договор, како во иднина ќе се имплементираат принципите од Рамковниот договор и затоа мислам дека начинот еден ден претходно да пристигне текстот или значаен закон, мислам дека не е коректно како пристап во однос на значајните прашања што ги третира Рамковниот договор. Знаеме дека Владата во врска со ова реши на понеделничкиот состанок и мислам дека како пристап не е правичен во врска со вакви круцијални, сензитивни прашања кои произлегуваат од Рамковниот договор.

Уште на самиот почеток ние изразуваме резерва што ќе се постигне со тоа.

Ви благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Нема дискусија кога се изјаснуваме по итноста, тоа е по Деловникот. Значи, било кој предлагач, еве и Вие имате ситуација со наредната точка која ја поднесовте, по предлози кои се по итна постапка се гласа без дискусија. Господинот Дика беше на границата на тоа.

Процедурално бара г. Ѓорчев. Веројатно ќе одите во таа насока, па ве молам трите минути да ги имате во предвид.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Законот за лични исправи како еден од законите кои го допираат прашањето што е лична исправа на граѓаните на Република Македонија, а што е службена исправа, беше поднесен како предлог во времето на олеснувачите кога требаше сите 4 партии кои учествуваат при потпишувањето на Рамковниот договор да го гласаат тој предлот и тој предлог беше идентичен со овој предлог што се дава сега, така што сметам дека начинот на кој е изготвен овој предлог без партиципација на сите политички субјекти кои учествуваа при предлагањето пред изборите кога немаше политички маркетинг, туку навистина желба да се донесе овој закон иницира на тоа да не биде донесен овој закон по итна постапка затоа што ваков предлго постоеше два месеци пред изборите идентичен и уште две други варијанти, се почитуваше словенечкиот модел, се почитуваше моделот на други европски земји како што се Белгија и Унгарија и  треба да донесеме квалитетна патна исправа за граѓаните на Република Македонија.

Ценам дека итноста не е потребна затоа што итноста не беше потребна ни тогаш, тогаш политичката партија СДСМ не го поддржа идентичниот предлог што ние го предложивме со ДПА и сметам дека повторно треба да се донесе во една нормална процедура и не ја гледам итноста токму сега да биде донесен кога беше одбиен пред изборите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Владата останува на предлогот.

Ве молам, да се изјасниме за итноста. Да гласаме.

Вкупно гласаа 99 пратеници од кои 67 за, 3 воздржани и 29 гласале против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Јани Макрадули, Андреј Жерновски и Хисни Шаќири го повлекоа предлогот на одлука за основање комисија за европски прашања.

Група од 24 пратеници предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на видео материјали и други податоци од испрашувањето на Петрит Аме од страна на Министерството за внатрешни работи презентирани од ВМРО-ДПМНЕ.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итноста и неодложната потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Благодарам г. претседателе.

Во врска со актуелната борба што ја спроведува Владата на Република Македонија против криминалот и корупцијата во Република Македонија со цел за еден неселективен пристап кој се однесува на сите граѓани на Република Македонија во делот на почитување на граѓанскиот поредок, ред, законитост во државата, цениме дека овој документ кој е изготвен како видео лента односно претставува видео лента, а исто така некои натписи во печатени медиуми во Република Македонија иницираат на тоа дека постојат одредени индиции многу појако презентирани отколку се одредени скандалозни натписи во печатени електронски медиуми во Република Македонија по кои се уште, за жал, Обвинителството на Република Македонија ниту Министерството за внатрешни работи прибавиле соодветни докажи и на таков начин мислам дека таа борба против криминалот и корупцијата не овозможува граѓаните на Република Македонија да ги почувствуваат благодетите од таа борба.

Оттука сметаме дека овој предлог е навистина конструктивен да бидеме сите еднакви пред законите на Република Македонија, пред Уставот како граѓани на Република Македонија и сметам дека позицијата овој наш предлго ќе го поддржи и со тоа ќе овозможиме навистина да имаме неселективен, квалитетен пристап и да се бориме против криминалот и корупцијата во Република Македонија на сите полиња.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на г. Ѓорчев.

Има збор г. Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Процедурално или како ќе гласа пратеничката група на СДСМ, да го злоупотребам она што г. Замир Дика го направи пред 3 минути.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако барате како ќе гласате имате право и тоа не е злоупотреба.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Како ќе гласаме.

Во духот на конструктивноста и селективноста што ја зборуваше господинот Марјан Ѓорчев пратеничката група на СДСМ ќе ја поддржи ваквата расправа, не бега од ваква расправа при што укажуваме заради конструктивноста и неселективниот пристап името на одлуката да стои Одлука за основање Анкетна комисија за испитување на целокупниот видео материјал и другите податоци, службените белешки и друго од испрашувањето на Петрит Аме со кои располага Министерството за внатрешни работи. На тој начин немаме ни селективност, ќе ја поддржиме во духот на конструктивноста.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не се изјаснивте како ќе гласате.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Реков дека ќе ја поддржиме во духот на конструктивноста и селективноста што со одобрување го добив од пратеничката група на предлагачот. Ќе ја поддржиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека се работи за мала сугестија, да го формулирам предлогот пред да гласаме.

Предлогот на 24 пратеници да се дополни дневниот ред со Предлог на одлука за основање Анкетна комисија за испитување на целокупните видео материјали и други податоци од испрашувањето на Петрит Аме од страна на МВР со целокупните ведео материјали и други податоци со кои располага МВР и презентирани од ВМРО-ДПМНЕ.

(Од место дофрлуваат со амандман).

Мислам дека сме блиску, колку што разбрав. Анкетна комисија за испитување на целокупниот видео материјали и други податоци од испрашувањето на Петрит Аме, со кои располага МВР.

(Има дофрлување од место).

Предлогот е со сите, а не само презентирани од ВМРО-ДПМНЕ).

Јас вака би предложил. Целокупните видео материјали и други податоци од испрашувањето на Петрит Аме кои постојат во МВР и кои се презентирани и од ВМРО-ДПМНЕ односно и од едните и од другите.

Јас се обидувам да изнајдам начин да не падне одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам држете се до Деловникот. Имате 24 потписници за предлог. Што се однесува до предлогот на г. Макрадули кога ќе се расправа за одлуката ќе поднесе амандман, ќе го поддржиме. Тоа можеме да го направиме. Меѓутоа, ваму имате предлог од 24 потписници, тоа е формалниот предлог, друго на изјаснување не можете да дадете. Можете да дадете пауза, да се повлечеме, да видиме кој уште ќе потпише со променет наслов на одлуката, тоа можете, но друго не можете да го менувате предлогот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас не можам ни збор да ви дадам по ова прашање, па ви дадов. Јас водам сметка со оглед дека координаторот на најголемата пратеничка група кажа дека ќе гласаат доколку се смени, да овозможиме да остане точка на дневен ред. Претпоставувам ако не се прифати да не дојдеме во ситуација да се одбие точката од дневен ред, затоа го барам тој простор на консензус.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Да не влегуваме во некоја расправа која е навистина непотребна каде конструктивноста треба да излезе на виделина. Значи, материјалот што е веќе доставен од ВМРО-ДПМНЕ е составен дел од материјалите на МВР. Тука никој не го исклучува ниту мисли дека треба да се исклучи. Претпоставувам дека тоа е составен дел од МВР и архивата и тој ќе биде дел од целата процедура.

Сакаме да поддржиме една иницијатива и не гледам дека некој има зла намера или бега од одговорност. Борбата против корупцијата и криминалот ние ја најавивме и ја правиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се согласувате?

Предлагачот се согласува со сугестијата на г. Макрадули.

Предлогот на пратениците по Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 95 пратеници, од кои 84 за, 8 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Предлогот на групата од 24 пратеници е усвоен.

Според тоа, на денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за изменување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија;
2. Предлог на Буџет на Република Македонија за 2003 година;
3. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за Царинската тарифа, со Предлог на закон;
6. Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2003 година;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, соПредлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за земјоделство, со Предлог на закон;
13. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2001 година;

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за концесии, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за сметководството и непрофитните организации, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;
22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осугурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

    (овде имаме двајца предлагачи по истиот закон и тоа Владата и Слободан Даневски)
23. Предлог на закон за државна помош, со Предлог на закон;
24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон;
25. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на целокупниот видео материјал и други податоци од испрашувањето на Петрит Аме од страна на МВР;

Дали има предлог за измена на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 98 пратеници, 91 за, 1 воздржан, 6 против.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен како што е предложен.

**Минуваме на точката 1 -** Предлог на закон за изменување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија

Предлогот на законот Ви е поделен.

Почитувани пратеници, согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од притусните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Ве молам тоа да го имаме во предвид.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам господине претседателе, пратеници,

Денес имаме еден многу важен закон, кој се носи по итна постапка. Важноста на овој закон произлегува од Рамковниот договор, кој знаеме, во минатиот период што донесе и што значи на Република Македонија.

Патните исправи се сигурно еден важен дел, еден важен сегмент од демократското живеее во Република Македонија и сигурно ќе придонесе за релаксирање на меѓуетничките односи во рамките на Република Македонија.

Но, она што е битно и она што го предлага овој закон за што и сакам да го искажам моето мислење во врска со овој закон, затоа што се носи во еден момент и по итна постапка, иако мислам дека треба овој закон уште еднаш да се ревидира, да не оди по итна постапка. Но, она за што се гласаше и се донесе во ситуација денес да го имаме на дневен ред. Имено, да не должам повеќе, се работи за ситуација каде што личниот документ е, цитирам како што е тука, кој личен документ е на граѓанин кој зборува службен јазик, различен од македонскиот јазик, исто така ќе бидат издадени на тој јазик, дополнително на македонски јазик во согласност со законот и амандманот пет. А, во амандманот пет стои децидно дека треба во рамките на Република Македонија да има најмалку 20% од соодветните заедници, за да може овој закон да помине така како што е предложен.

Со ова решение апсолутно други заедници, вклучително и турската заедница на која и јас припаѓам дефинитивно се ставаат во втор, трет и да не кажам

ендирет. Едноставно, со ова решение се предвидувас во Република Македонија само да се издадат пасоши на македонски и на албански јазик, а додека пасоши по барање на граѓаните на другите заедници, едносдтавно останува за некои подобри времиња или едноставно да остане за времиња кога можеби од други иницијативи, ќе се донесе соодветно решение. Мислам дека ова решение не е соодветно, несоодветствува на духот на Рамковниот договор, каде што и се предвидува еднаква застапеност на заедниците во Република Македонија. Впрочем, такстативно се наброени кои заедници во Уставот се во Република Македонија. Ако така се наброени, ањ со ова решение едноставно се наоѓа начин како да се избегне, или едноставно да се најде модус и другите заедници да добијат можност да имаат патни исправи, иакјо по проценти се далеку испод 20%.

Јас с еобраќам тука и на луѓето кои своевремено не критикуваа, кога излеговме со ставот дека едноставно Рамковниот договор не го прифаќаме во смисла дека турската заедница во креирањето на Рамковниот договор, не учествуваше. Но, ние прифативме во духот на демократијата и ги почитувавме сите овие закокни, сметајќи дека во иднина ќе се најде начин да се корегираат некои работи. Мислам дека и во духдот на Рамковниот договор и во духот на она што се прокламира сега, а и се прокламираше и порано, би требало да се изнајде решение да добијат и другите заедници едноставно патни исправи, или да кажам документи, кои ќе бидат на нивниот јазик.

Јас лично и како претставник на една заедница, не можам да прифатам вакво решение. Мислам дека ваквото решение не доведува до релаксирани меѓуетнички односи и нема узанси на демократско однесување, за што ние се стремиме во Европа. Затоа што, едноставно, пак ќе повторам, дека другите заедници се ставаат на друг план и се третирани како граѓани од втор, трет ред или ентиред.

Јас би замолил, би сугерирал, едноставно, ако е можно овој закон да се повлече, да се видат сите аспекти на решенијата кои се предлагаат, бидејќи во овие решенија на овој начин предложени, едноставно немаме решение, кое ќе доведе до релаксирани меѓуетнички односи. Уште еднаш ќе повторам, не можеме да прифатиме и јас не можам да прифатам решение, каде што утре јас како припадник на турската заедница, кој сум дел од Уставот на Република Македонија, уставотворен дел, како граѓанин, како припадник на заедница на Република Македонија, да немам право и да не уживам право на свој јазик едноставно да добијам пасош или патна исправа. Морам да напоменам дека во Република

Македонија во рамките на образованието се користи и писмото на турската заедница во основно, средно училиште и делови во високото образование. Не гледам причина зошто не би се користел и во овој домен. Затоа што, во најавите што беа за време на изборите и во постизборниот период на големо се најавуваше, се декларираше дека едноставно во Република Македонија после овој период, после 15-ти септември, сите заедници ќе уживаат еднакви права и должности.

Со ова решение не само што не уживаат еднакви права и должности, едноставно, се почнува еден процес каде што се доведува до ситуација да се издеференцираат другите заедници, да се стават во друг план и едноставно да не учествуваат во креирањето на политиката на Република Македонија, која е заедничка татковина на сите заедници.

Ве молам, едноставно, можеби сега не е моментот да ги чекаме резултатите од пописот, каде што на неколку наврати тоа се потенцираше, па потоа да ставаме на дневен ред, бидејќи оној момент кога требаше овој закон да се усвои во форма, како што господин Марјан рече, дека пред потпишувањето на Охридскиот договор беше неопходен овој закон. Мислам дека овој постпериод, овој закн сигурно е потребен, но не по итна постапка како што се предлага.

Затоа, за да не се доаѓа во ситуација да се издиференцираат граѓаните по основ дека процентите не се доволни за застапеноста во Република Македонија на другите заедници да се дадат вакви решенија, тоа е неприфатливо. Јас како пратеник, припадник на турската заедница ќе гласам против оваа одлука и ќе се борам со сите средства ваквите одлуки во иднина не се предлагаат на парламент и овие одлуки да доживеат корегирање во иднина, а и ги повикувам и другите припаднци на заедниците да не гласаат на оваа одлука се ставаме во подредена положба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседател, почитувани колеги,

Денес по втор пат во овој парламент доаѓа закон, измена, промена на законот за патните документи, за личните документи односно за личните патни документи.

Самиот факт дека овој закон доаѓа по итна постапка докажува дека Владата на Република Македонија не е заинтересирана да иам дебата. За жал, за едно прашање, многу проблематизирано прашање, многу политизирано прашање и на крајотн а краиштата едно конфронтирачко прашање. Мислам, станува збор за неодоговорност. На крајот на краиштата се поставува прашање дали станува збор за содржината, тука законот нема објаснувања. Продолжува со системот на многу правни, разбирливи, значи, што се однесува до законските форми, но што е најиндикативно токму овој закон, кој што му се предлага на парламентот од претходниот состав, тој беше дочекан на нож од СДСМ. Тоа беше толку остро, колку што беа преземени активности да се стави адакта во фиоки прашањето на пасошите.

Вас ви е познато дека тој предлог беше прикажан како пример односно земен примерот на Словенија каде што 10 илјади унгарци добиваат пасоши на нивните јазици. Тоа никогаш не било проблематизирано. Јас потенцирам 90 илјади унгарци, 20 илјади италијанци и тн. Мислам дека постојат две причини, основни причини со кои сега токму од страна на СДСМ ни се предлага овој закон. Образложението е релативизирано на албанскиот јазик како официјален јазик, бидејќи, за жал јазикот со овој закон и со оваа дестинација се намалува на нивото на индивидуално право на граѓанинот. Значи, доколку тој го бара, бидејќи државата нема обврскас, но тука се дозволува една голема можност нас манипулација, тргнувајќи од една администрација многу оптоварена, бирократизирана, ќе биде нивна дискреција остварувањето на нивното уставно право. Значи, фактички овие се двете причини, кои што мислам, вие сте определени за оваа формулација, за оваа непрецизна формулација.

За компензациите нема да зборувам, но треба да нагласам нешто. Првата компензација е јазикот во Парламентот во Република Македонија сега се релативизира максимално. Се фрагментализира на таков начин што треба овде да се употребува во оваа сеанса, во оваа сала не, на оваа клупа да, на оваа клупа не. Фактички, на ваков начин се девалвира основното определување на официјалниот јазик.

Две компоненти се, со кои за жал, ние треба да се соочиме. Политичкото разгледување и правното разгледување на овој закон. Политичкото разгледување е во тоа дека ова е резултат на политичката спогодба постигната во Охрид, во која Спогодба заедно се договоривме и сме се согласиле за тоа дека официјализираното на албански јазик во тие разговори е најпроблематичниот дел на

разговорите. Ова, мислам дека, потписниците, во прв ред како господинот Црвенковски, како господин Георгиевски, како господин Џафери и Имери и меѓународните олеснувачи тоа добро го знаат какви дебати се развивале и сега за жал повторно се отвораат нови дебати со оваа формулација на законот. Бидејќи, со ова решение од Охридскиот договор, кој помина и во Уставот како таков, мислам дека сега правиме еднас политичка грешка, затоа што мислиме дека требаше да се затвори на еден адекватен начин прашањето на употребата на јазиците и во личните документи.

Правниот аспект, кој што бара разгледување е дека амандманот пет на Уставот е дециден дека официјален јазик, службен јазик е јазикот што го говорат 20% од граѓаните на Република Македонија, во овој случај албанскиот јазик. Веднаш потоа доаѓа вториот пасус каде што вели дека личните документи во кои припаѓа и пасошот говори дека личниот документ се издава на официјален јазик, на службен јазик. Нема условувања. Доколку граѓанинот сака или да речеме ако бирократот рече, немам формулари, обрасци, не ја слушнав добро страната или не ја разбрав странката. Затоа, сега станува и уставен проблем дека предлогот не е во духот на Уставот, да не речам дека е и противуставен. Но, без оглед од сето ова мислам дека Владата на Република Македонија не треба да дозволи да се намали на нивото на индивидуалното право, личното право и да се прекрши колективното право во случајов. Државата според Уставот има обврска спрема граѓанините кои се дел од тоа население кое што го надминува цензудот од 20%, да му дозволи пасош на официјален, службен јазик.

Што се однесува на крајот на краиштата во врска со ова прашање, мислам дека Владата на Република Македонија уште еднаш треба да го преразгледа овој проект, бидејќи за жал на ваков начин не се затвора прашањето на јазикот, без оглед што се договориле во владината коалиција. Бидејќи, официјализирањето на овој јазик не е прашање на политичките партии, не е прашање на политичките лидери, не е прашање на формалните и неформалните групации, туку е тоа прашање на интерес, во овој случај на народот и во интерес на сите нас овој предлог да се повлече, уште еднаш да се преразгледа во духот на амандманот пет на Уставот и ништо повеќе. Ништо повеќе и ништо помалку, господинот Црвенковски преферира да каже ништо помалку, ништо повеќе и јас му велам, ништо повеќе, ништо помалку. Амандманот пет од Уставот да се почитува.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

На самиот почеток сакам да кажам дека предлогот на Владата на Република Македонија за измена на законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија по итна постапка претставува едно девалвирање на Охридскиот мировен договор. Зошто девалвирање? Бидејќи неколку дена претходно лидерите на политичките партии на владината коалиција господинот Црвенковски, господин Ахмети и господин Пенов, покрај другото се договорија и околу проблемот на пасошите. Овој договор предвидува пасошот на албански јазик да се даде по лично барање. Значи, од сега па натаму за лидерите на владината коалиција престанува да важи Охридскиот договор со уставните измени кои што редвидуваат национална рамноправност на албанците и македонците во оваа држава.

Исто така, предлагачот, во конкретниов случај Владата на Република Македонија вели дека во согласност со Анексот Б од Охридскиот рамковен договор, потпишан во Скопје на 18 март 2001 година, претходниот состав на македонскиот парламент до крајот на неговиот мандат требаше да ги донесе документите, законите и за издавање на лични документи со напомена дека поради непостигнување на договор од страна на политичките партии потписници на Охридскиот договор во врска со јазикот на кој што треба дас се издаваат лични документи за државјанин ан Република Македонија не биле усвоени измените на Законот за патување.

Имајќи го предвид фактот дека изминал рокот за донесување на ваков закон и покрај потребата од негово усвојување, се предлага да се разгледа законот. Ваквата констатација на Владата, на чие чело е лидер, потписник на Охридскиот договор е неправична и бесрамна бидејќи токму од актуелниот премиер, од неговата партија беа против ставање во парламентарна процедура на законот за пасош. Јас знам дека широката јавност го памети моментот кога самиот Бранко Црвенковски гласаше против законот за пасош, што помина во претходната влада. Моите зборови имаа подлога, пред се, во членот 7 на Анексот А од Охридскиот рамковен договор, во параграф 3 и Амандман В, точка 3 од Уставот на Македонија. Ќе одиме по ред.

Во 7.7 од Анексот А од Охридскиот рамковен договор, во параграф 3 се вели:

“Било кој личен документ на граѓаните кои говорат службен јазик поинаков од македонскиот јазик, ќе добијат документи на тој јазик. На дополнителен начин и на македонски јазик, во согласност со закон”.

А во Амандманот  В точка 3 од Уставот на Македонија се вели:

“ Личните документи на граѓаните кои говорат на официјален јазик поинаков од македонскиот јазик се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото на барател на граѓаните во согласност со законот”.

Значи, врз основа на ова е многу јасно дека и албанскиот јазик е службен јазик бидејќи Уставот на Македонија вели - било кој друг јазик што го говори најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик, значи и неговото писмо. Во конкретниот случај измените што се предложени од страна на Владата укажуваат на еден неприфатлив компромис на штета на албанскиот јазик.

За жал оваа Влада, и натаму албанците ги става во дискриминаторска позиција, во овој случај со елиминирање на Охридскиот договор и уставните измени.

Би благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има господинот Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувани колеги,

Пред нас го имаме Законот за измена на Законот за патни документи на државјаните на Република Македонија. Како прво, имам една процедурална забелешка до претседателот на Парламентот кој, иако пред десет дена за прифаќање на Предлог-законот за прифаќање предложен од ДПА за измена на Законот за патни документи, не најде за потребно да го постави на дневен ред. Со самиот факт дека Владата на Република Македонија предложи ваква измена на овој закон, со оваа содржина, фактички се подразбира, би било потребно да се подразбере дека Владата го оставила на страна или не го прифатила, не дала образложение за Предлогот на закон доставен од страна на ДПА и било потребно да се образложение, бидејќи бил даден одговор од Владата, вие сте требале да го ставите на дневен ред предложениот закон од оваа партија. Но, ова не се случи, бидејќи го имате мнозинството и ќе бидете надгласани. Меѓутоа, ова говори за функционирањето од демократски аспект на оваа институција, значи од страна на Парламентот.

Како и да се, причините за овој закон се дадени во овој текст од страна на предлагачот, се разбира врз основа на Охридскиот договор и уставните измени. На

овој закон му претходи договорот од пред неколку дена, постигнат меѓу лидерите на оваа владина коалиција. Ништо лошо нема во иницијативата за забрзување на процесот за измена на овој закон, но дискутабилно е тоа што колку со овие измени се почитува Амандманот В, алинеја 2,3 и 5 од Уставот на Република Македонија, бидејќи врз основа на Амандман В, алинеја 2 албанскиот јазик е службен покрај македонскиот јазик, како и неговото писмо, се подразбира дека и тој треба да биде во рамноправна употреба и во личните документи, вклучувајќи го тука и пасошот.

Вака како што е предложена измената на овој закон, автоматски албанскиот, како официјален службен јазик што го говорат над 20% на населението се става во нерамноправна позиција и дискриминаторска позиција. Ова се гледа и во член 1, алинеја 2 од овој закон каде што се вели дека на граѓаните кои говорат службен јазик поинаков од македонскиот јазик, по нивно лично барање образецот за пасош и виза се печати и на официјален јазик и на писмото што го употребува граѓанинот.

Се поставува прашањето зошто граѓанинот во овој случај албанецот, бидејќи неговиот јазик е службен јазик е потребно врз основа на својата волја, на посебен начин пасошот да му се издаде и на неговиот јазик кога постои можност по официјален службен пат, без некое посебно барање да го реализира ова негово право. Но, целта е јасна, тенденцијата е да се постигнат компромиси, нови компромиси на штета на правата на албанците, иако е познато дека се направени голем број компромиси додека се постигне Охридскиот договор што доведе до прекинување на вооружениот конфликт во 2001 година. Никаде во светот, во ниту една држава не се случува граѓанинот или граѓаните да добијат пасош, да поднесат посебно барање, по нивно барање да ја добијат во оваа или поинаква варијанта.

Исто така, податоците што се внесуваат во пасошот, се вели дека треба да бидат напишани на англиското латинично писмо. Почитувани колеги, имаме многу латински алфабети, азбуки, каде и латинскиот алфабет на албански јазик. Значи податоците тука треба да бидат напишани на латински албански јазик, писмо и имињата на голем број луѓе и населени места ќе се деформираат, доколку таму бидат напишани на поинакви азбуки, на поинакви писма. Јас не се лутам на Коалицијата за Македонија, колку на албанскиот партнер во Коалицијата кој ги испушти конците во овој случај. Се разбира на штета на Охридскиот договор и уставните измени.

Почитувани колеги,

Гледате дека од самото формирање на оваа коалиција, процесите одат station наназад, а не напред. За ова имаме голем број примери, примери кои јасно говорат

дека не се почитува Законот за амнестија, се осудуваат војници на УЧК со 15, 6 години, над 100 се на листата за апсење, не се почитува Охридскиот договор, се обидува да се девалвира албанскиот јазик, веќе да не се употребува во целосната форма, во целосен облик во Парламентот, документите, материјалите, албанците да не ги добиваат на својот мајчин јазик. Се донесува Закон за посебните права за претставниците, припадниците на беsбедносните сили и членовите на нивните семејства што ги дискриминира оштетените албанци во конфликтот. Коалицијата за Македонија прави селекција на албанскиот кадар, на државни фукнции, според свои потреби. Се оневозможува весникот “Флака”, во Електростопанство, како може семејството со својот син да не може да говори на својот мајчин јазик, од Уставниот суд се презема обврската на Министерството за образование за нострификација на законите, значи, сега имаме уште еден нов закон за пасош што ги става во дискриминаторска позиција албанците.

Сето ова се прави од убедување дека војната во 2001 година беше една албанска агресија поддржана од надвор. Значи, оние од Коалицијата за Македонија, вие почиувани колеги не сакате да се постигне етничко помирување. Вие како да очекувате причина како да се обвини албанската страна. Фактички нé казнувате. Кај македонските колеги, кај вас, сеуште не е созреана свеста да имате една критичка дистанца и за вашите вини што сте ги направиле кон албанците во минатото. Така е јасно дека во рамките на оваа шема нема причини да се излезе еднаш засекогаш од димензијата на конфликтот што продолжува. Но излезот, е доколку се прифати вината за она што се случувало 50 години во однос на албанците, обидите на политиката на оваа Влада се да се спречи имплементацијата на она што ја оправдува борбата на албанците, значи Охридскиот рамковен договор. Така се наоѓате пред две опции: или да прифатите дека борбата на албанците беше правична, а со тоа и Охридскиот договор, или пак отворено да се каже дека борбата на албанците беше агресија, неправедна агресија, па затоа и Охридскиот договор ќе се третира како продукт на вина. Вие, ниту прифаќате да се позиционирате јавно.

Од една страна, албанската борба ја третирате како агресија, затоа реформите, односно предлозите во Законот за компензација од штети на членовите на семејствата на безбедносните сили на Македонија да се вклучат и членовите на семејствата на жртвите на УЧК не е направено, а од друга страна се прави коалиција со партијата што природно произлезе од Ослободителната национална армија. Многу е јасна желбата, односно доказите се зошто Македонија сака да се види, да се

гледа како се гради како држава само на македонците, додека албанците и натаму да се третираат како елемент што е неприфатлив.

Затоа би ве замолил или да ја прекинеме оваа средба или да дадеме амандмани, да се корегира овој Предлог на закон во согласност со духот што треба да го имаме и треба да го прифатиме, а тоа е од Охридскиот рамковен договор и уставните измени, или пак ова вие може да го надгласате, но се разбира сеуште ќе остане да се разгледа нашиот предлог на закон за измена на Законот за патни документи што мислам дека на една од наредните седници во врска со ова повторно ќе се разговара.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Халими, должен сум да ви дадам едно објаснение што мислам дека го знаете.

Господинот Замир Дика поднесе закон за измена на Законот за патни исправи во редовна процедура. Тој закон, согласно Деловникот на првата наредна седница ќе биде на дневен ред. Така е редот.

Владата поднесе закон за измена на истиот Закон по итна процедура и затоа денеска го гледаме по итна процедура. Тука вие рековте дека се нарушува демократскиот амбиент во Парламентот. Воопшто не е нарушен демократскиот амбиент во Парламентот по повод на законот на господинот Дика. Тој ќе се најде на дневен ред тогаш кога господинот Дика побарал да се најде на првата наредна седница.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Ве молам, во врска со ова што го потенциравте, ако до сега ние чекавме да се поднесе предлог закон за измена на Законот за патните исправи, што би било лошо доколку почекавме уште десетина дена? А, во процедура беше нашиот предлог закон и за него ние требаше денеска да расправаме. Но, природно, тоа е вашата волја, Вие го имате мнозинството и ќе го направите тоа како што сакате вие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мене ми е жал господине Халими што вие не сакате да ме разберете што кажувам. Не се работи за волја, туку вие очигледно сакате да манипулирате. Јас нема да порекнувам тоа што вие го зборувате, затоа што барем во салава на сите ни е јасно.

Има збор господинот Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ;

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Што се однесува до Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија, за жал или за среќа во последно време имаме и мислење од пошироката јавност изразено преку разните медиуми.

Колку за информација најголемиот дел од албанците изразија незадоволство во однос на рестриктивниот начин на предлогот за албанскиот јазик и во овој предлог на закон. Имало и разни апели од асоцијации на албанците кои бараат од пратениците албанци да не попуштаат во однос на Охридскиот рамковен договор, во однос на овој предлог-закон.

Причините зошто се предлага овој предлог-закон предлагачот го цитира амандманот 5 од Уставот, а подоцна во Предлог-законот, значи во членот 1 предвидува за граѓаните кои говорат службен јазик, поинаков од македонскиот јазик, употребата да биде на нивно лично барање. Ова не е во ред. Тоа не е она што се очекуваше од оваа владина коалиција, а особено од партијата на ДУИ, бидејќи, кога дефинитивно започнаа да се донесуваат закони поврзани со Охридскиот договор и кога пошироката јавност очекува овие закони да бидат во духот на Охридскиот договор, започнуваат нови договори и споредби и сето тоа не оди во правец на тоа што го очекуваше народот во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љубчо Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе,

Би сакал на почетокот да кажам дека ќе го поддржам овој закон од едноставна причина што овој закон, со една мала модификација практично е оној истиот закон што претходната Влада некаде пред девет или 10 месеци го понуди на својата Влада, практично со истата содржина.

Зборувајќи за овој закон би сакал повеќе да се задржам на една лекција која сите ние како политичари новинари треба да извлечеме една поука дека во политиката има и принципи има и некои етички моменти и некои морални елементи за кои мораме да се грижиме како луѓе ако сакаме да бидеме достоинствени политичари.

Неодамна видов една средба каде што еден од потписниците на Рамковниот договор и бившиот командант на ОНА, усогласувањето на ставовите за овој закон го прогласија како голем успех за Македонија и како голем напредок во мултиетничкиот соживот во Република Македонија и голем напредок во Охридскиот договор. Токму од тие причини сакам да потсетам дека сите оние кои од минатата недела го фалат големиот успех за овој закон, сите оние кои зборуваат за прикрасната содржина и европската содржина на овој закон, значи некаде пред девет или 10 месеци кога истиот овој закон беше понуден од претходната Влада, настапија со позиции - готово е со Македонија, Македонија се федерализира, ова е крај на Македонија, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА си прават прифатни договори. Ако не се лажам претседателот на Републиката излезе со изјава дека тој ваков закон никогаш нема да потпише, еден куп советници околу него ги искажаа истите ставови, СДСМ, нормално предњачеше во тие позиции, медиумите кои беа под нивна контрола , се разбудивме со наслови - Федерализација на Македонија и се она што можевме да го слушнеме во оној познат арсенал кога треба да се напаѓа еден политички чекор на својот политички противник. Значи сакам уште еднаш да потенцирам дека ова што сега ни се нуди во македонскиот Парламент, од наша страна ќе биде прифатено и сакам, навистина и македонската јавност и македонските новинари и македонските интелектуалци, а посебно македонските политичари едноставно да се соочат со една реалност, на она што се нарекува перење на мозок во нашите сопствени македонски рамки. Како што гледаме во светски рамки постои перење на мозок, а имаме актуелен случај во овој момент, така треба да се соочиме со една реалност на тоа перманентно перење на мозок кое остана од комунизмот во нашата држава. Значи пред нас имаме еден закон кој можеше во Република Македонија да помине безболно пред 10 месеци, денес тоа да беше затворена карта зад нас, да не го прогласуваме после 10 месеци голем успех на меѓуетничкиот соживот во Република Македонија и денес да разговаравме за нови прогресивни закони и за нови ситуации или решавање на нови проблеми. Значи едно лицемерие на една политичка партија, СДСМ и нивните контролирани медиуми, го закочи процесот на овој закон 10 месеци. Добро е што после 10 месеци дојде на дневен ред во македонскиот Парламент. Меѓутоа, верував, сите како политичари ќе извлечеме една поука од оваа ситуација, да не бидеме лицемери, тогаш кога може нешто да се реши добро за државата, да го решиме навреме, а не само затоа што го нуди политичкиот противник да го одложиме и едноставно да правиме агонија со една непотребна ситуација.

За крајот уште еднаш да потенцирам дека законот ќе биде поддржан од моја страна и верувам дека сите ќе се обидеме од тоа да извлечеме некоја лекција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Има збор господинот Ѓорѓи Спасов:

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме измена на еден закон, кој со право беше спомнато дека беше предвиден да биде донесен уште пред 10 месеци, подоцна во согласност со Рамковниот договор да биде изменет. Тој беше предложен, а подоцна и повлечен од Парламентот.

Денес имаме еден закон кој, како што беше спомнато не е многу различен од оној што ни се нудеше пред 10 месеци. И ако денес е добро што ВМРО-ДПМНЕ го поддржува овој закон, како нешто што произлегува како обврска од Рамковниот договор кој треба сите во оваа држава да го почитуваме, тогаш навистина е малку чудно што претставниците на ДПА кои во тоа време беа исто така коалициони партнери, кои го предложија истиот закон со многу слична содржина и кои се потписници на Рамковниот договор, сега се обидуваат тоа да ни го прикажат како нова голема трегедија за албанците во Македонија и за уште еден обид за нивна дискриминација на македонскиот политички простор.

Сакам да ви кажам, денес прифаќајќи го овој закон, сите пратенички групи треба не да се чувствуваат дискриминирани, не да се чувствуваат истовремено и незаслужни за она што во Македонија денес се донесува еден ваков закон, туку треба да се чувствуваат исто толку заслучни затоа што сите тие и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и ДПА и ПДП а подоцна него го поддржа и ДУИ, потписници на Рамковниот договор. Од таму Рамковниот договор е она што ние во оваа држава го направивме еден голем исчекор кон нашето приближување кон нашето приближување кон Европската Унија.

Со Рамковниот договор се обезбедија пет основни работи во оваа држава:

Се обезбеди да биде спречено надгласувањето на припадниците на етничките заедници во ова Собрание по прашањата кои се од нивни интерес. атоа овој закон ќе биде донесен и со гласовите на етничката заедница на која што тој се однесува.

Втро, исто така се обезбеди да се осигури соодветна и пропорционална застапеност на овие претставници во институциите на државната администрација, институциите на политичкиот систем и безбедносните сили во Република Македонија. Со тој исти договор се обезбеди посебна процедура за избирање на Народниот правобранител, на судиите на Уставниот суд, на судиите на Врховниот суд и на судиите во Републичкиот судски совет. Со тој договор се обезбеди заштита на националните и културните ентитети на етничките заедници во Македонија и со тој договор се обезбеди силна децентрализација во согласност со Повелбата за локалната самоуправа на Европа која обезбедува на сите граѓани, во местата каде тие претставуваат мнозинство, со многу зголемени овластувања во локалната самоуправа да управуваат со работите од својот интерес. Од таму мислам дека сме на добар пат, исполнуваји ги овие одредби од Рамковниот договор, Македонија да почне да бара еден нов вид на идентитет. Не да го бараме нашиот идентитет во минатото и да не памтат како племиња кои постојано се караат и влегуваат во војни заради некакви свои национални симболи, или национални недоразбирања, туку едноставно да го побараме својот идентитет во иднината, да го побараме идентитетот таму каде што сакаме да отидеме да се чувствуваме како европски граѓани кои ќе ги почитуваат европските стандарди за човековите права и за малцинските права, кои ќе ги донесуваат законите во согласност со она што веќе постои во Европа.

Точно е дека тогаш кога се предлагаше овој закон, постоеја две основни недоразбирања. Едното недоразбирање, односно едниот спор беше околу проблемот што претставува личен документ, како што е напишано во Рамковниот договор и дали пасошот, односно неговата насловна страница би требало да биде третирана како личен документ. Тогаш постоеја објаснувања дека пасошот со оглед на тоа што на него пишува дека е сопственост на државата и дека него граѓанинот го користи за свое претставување во странство, дека можеби и не треба да биде третиран како личен документ. Од таму постоеше една дебата во тоа дали навистина во насловната страница покрај македонскиот, англискиот и францускиот јазик треба да постои правото да биде испишано на албански јазик зборот пасош и зборот Република Македонија.

Второто прашање околу кое се создаваа исто така дилеми беше дали со таквата измена ќе се доведе во прашање унитарниот карактер на Република Македонија и дека тоа всушност може да ја загрози унитарноста на Република Македонија.

Наспроти се, јас сум еден од оние луѓе што верува во тоа дека луѓето имаат право на политичка еволуција во сопственото мислење, во зависност и од подготвеноста на јавното мислење во сопствената држава некои работи да ги прифати или да не ги прифати. Ако не го признаеме правото на луѓето на некој начин да го менуваат сопственото мислење во согласност со новите сознанија, во согласност со расположението во јавното мислење, во согласност со новите околности кои настануваат, тогаш сите ќе се закопаме во сопствените стојалишта и никогаш нема да постигнеме никаков политички прогрес. Во таа смисла сметам дека, всушност измените на овој закон овозможуваат да направиме чекор напред, чекор напред во правец на тоа, луѓето, сопствениот идентитет да го бараат во државата, на начин што ќе бидат задоволни од нејзините политички институции. Да бидат на тој начин задоволни затоа што ние ќе бидеме способни да го одбраниме унитарниот карактер на нашата држава само тогаш кога ќе имаме задоволни граѓани, независно од нивната етничка и религиозна припадност. Ова што го правиме е само во правец, Македонија да биде држава на задоволни граѓани, Македонија да биде држава во која никој нема да се чувствува дискриминиран, врз основа на законите, Македонија да има држава во која институциите на политичката власт нема да ги чувствува никој како етнички пристрасни институции. Од таму сметам дека е добро што ВМРО-ДПМНЕ денес ќе го поддржи овој закон. Од таму сметам дека ДПА не треба да се чувствува незаслужен затоа што денес се носи еден вака важен закон.

Сакам, во врска со приговорите што беа предложени во оној дел на законот каде се вели дека ваквото право, секој припадник на етничката заедница ќе може да го искористи врз основа на лично барање, всушност е правото на граѓанинот да добие, да го користи тоа право по сопствено барање. Дури и граѓаните од македонска етничка припадност, или од друга етничка припадност, секогаш кога поднесуваат барање за пасошот, на образецот наведуваат одредени елементи. Овде значи се овозможува слобода да се има таков пасош, меѓутоа истовремено не е предвидено да се наметне таквата обврска за оној што тоа не сака да го има. Во демократијата постои слобода за и постои слобода од. Ние истовремено сакаме да ги имаме двете слова. Граѓанинот да има слобода за да има таков пасош, каков што тој смета дека треба да има на писмото и јазикот на кој што тој треба да го има. Меѓутоа и да има слобода од притисокот на племенските водачи кои ќе го принудат него да има таков пасош кога тој може да оцени дека не сака да го има таков каков што му дозволува законот да го има. Од таму за сите нас е многу поважна индивидуалната слобода. Ние Македонија мораме да ја градиме како земја на силни

индивидуи на кои им се гарантирани индивидуалните, човековите права пред се, а истовремено во рамките на таквите уставни и законски услови да можат да ги остваруваат и колективните права, односно правата кои произлегуваат од потребата за заштита на нивниот национален и културен и религиозен идентитет. Од таму јас не само што ќе го поддржам овој закон, туку сметам дека овој закон и овој вид на закони во Македонија треба да бидат донесувани во една свечена атмосфера, во една атмосфера во која граѓаните ќе сфатат дека ние, макар чекор по чекор се обидуваме да се држиме до зборот, да го почитуваме дадениот збор, да го почитуваме дадениот потпис и не би се занимавал со тоа кој на кого му го пере мозокот и дали некој на некого му го пере мозокот, бидејќи ако денес читавте весници ќе забележите дека еден наш колега парламентарец пишува дека можеби идејата на Дејвид Овен за етнички чисти држави е најдобрата идеја што може да постои на Балканот и дека таа е можеби вистинската насока за стабилизација на балканските држави во сето она што им се случува. Секако, секој има право на свое мислење, секој има право на свое размислување, па дури и на право на свое премислување, ама ако сте ставиле потпис на така сериозен документ како што е Рамковниот договор иако навистина сте сериозен политичар на чело на една толку сериозна политичка партија, тогаш таквите идеи со право можат да предизвикаат пред се вознемиреност кај населението, а потоа и многу големо сомнение дали е вистина она што го зборувате на седниците на Парламентот, дали е вистина она што го правевте во времето на потпишување на Рамковниот договор, или за сето тоа можеми постои некоја друга идеја која е во основата на перењето на мозокот на другите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има реплика на господинот Спасов, господинот замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Неколку пати беше спомнато дека од почитуваниот господин колега Спасов.

Јас би рекол да не се грижи многу за ставовите на ДПА и да не се обидува со префрлување на вината на ДПА бидејќи тие сега се навласт и сето тоа што го рекоа, чекор по чекор, интеграција, демократски права, тоа ќе го направат, а не да се фрла прашина во очите на граѓаните, кој е добар, а кој не е добар.

Како што велат правниците ѓаволот е во детали. Почитуваниот колега рече, како може ДПА да не прифати еден закон кој имаше интенција да биде донесен во

нивно време, но со мали измени. Господине Спасов до колку за вас тие измени се мали, за нас таа мала измена говори дека овој закон албанците не ги третира како народ туку ги третира како граѓани од некој друг ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика од еда минута има господинот Ѓорѓи Спасов.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Почитуван господине Дика не гледам во кој елемент со овој закон се дискриминираат албанците, кога законот изрично вели дека секој граѓанин од етничката заедница која чини најмалку 20% од населението и која говори друг јазик има право да поднесе барање и во тоа барање да наведе дека неговиот пасош на корицата  зборот пасош и зборот Република Македонија да биде испишан на албански јазик. Со што тоа македонците во овој случај имаат некакво поголемо право од било кој припадник на вашата етничка заедница кој  тоа право може да го оствари со неговото наведување во образецот за добивање пасош.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, почитувнаи претставници на Владата,

Денес имаме и ние самите се соочуваме со еден предлог на измени на Законот за пасош. Тоа е многу сериозен закон, кој навистина ги тангира граѓаните на Република Македонија, но речено многу поедноставно, ги тангира граѓаните од етникумот на кој што припаѓам јас. Постојат многу аргументи, тргнувајки од дискусиите на пратениците од позицијата или опозицијата и можеме да кажеме дека има  илјада и еден аргумент за “да” и  за “не”, да биде против измените кои се предлагаат. Мислам дека се наоѓаме во едни многу чувствителни околности, сега засега, во Република Македонија и треба да дејствуваме така да не ги заживееме, да ги оживееме несаканите конфликти меѓу граѓаните на Република Македонија, туку треба да бидеме ние тука пратениците во Парламентот да го видиме она што навистина е реално и она што е право и што е она што ќе бид еподржано од сите граѓани на Република Макеоднија. Не сме направиле ништо доколку денес овде некои сме за, некои сме против, а од друга страна, граѓаните ако се поделат врз етничка основа, за некои е мајка, за некои маќеа предложениот закон. Значи, треба да ја најдеме средината, да го најдеме она што е допирливо, она што кореспондира со реалноста во овој момент во Република Македонија. Не е од значење дали граѓаните ќе кренат прсти и ќе гласаат за законот и не е значајно кој ќе биде за, а кој ќе биде против. Од големо значење, кога ќе излеземе денес од оваа парламентарна

сали и ќе одиме да се соочиме со граѓаните, што ќе речат тие. Многумина можат да речат дека граѓаните не знаат политички да размислуваат. Јас можам одговорно да кажам дека граѓаните на РМ 12 години се во политички плурализам и дури, тие можат да размислуваат многу подобро од нас политички што е добро, а што е лошо. Но случајно ние сме тие што го водиме нашиот народ, што го претставуваме, без оглед дали се од макеоднскиот етникум или од албанскиот етникум или пак од другите етникуми што денес се тука присутни и ја претставуваме нивната политичка волја, бидејки кога излеговме на избори рековме отворено дека ние ќе ги штитиме вашите интереси, албанците им рекоа на албанците, треба да бидеме отворени, макеоднците им го рекоа тоа на макеоднците дека ние ќе направиме се за да го постигнеме целосното имплементирање и правично имплементирање на Охридскиот договор.

Не можам, а да не речам од оваа говорница дека навистина владината коалиција има политичка волја  за имплементирање на Охридскиот договор. Но ова ми изгледа само вербално, само добра волја во медиумите, само добра волја на средби со внатрешни или надворешни, а во практика имаме назадување на имплементирањето на Охридскиот договор.

Сега се поставува прашањето: Нели е ова еден од проектите што треба да го забрза реализирањето на имплементацијата на Охридскиот договор? Да. Но јас би рекол и овде би се надоврзал, со тоа што ќе го повторам, можеби не е значајно како ќе гласаме, можеби некогаш човек ќе гласа и против своето убедување , бидејки околностите во Македонија се такви што не сакам денес да ги коментирам, но ќе дојде време кога и тие ќе се отворат и ќе се види како, кој и што.

Јас мислам дека во РМ имавме конфликт. Конфликтот беше запрен со еден договор постигнат меѓу двата најголеми етникуми во РМ, што се финализира со еден договор наречен Охридски рамковен договор. Мислам дека тој договор во тоа време го потпишаа четирите политички партии кои во тоа време беа претставени во Парламентот, кои имаа најмногу пратеници и кои можеа да ги направат измените што ги предлагаше Охридскиот договор во Уставот и законите.

За мене како претставник на ПДП Охридскиот договор е еден и тој е основа за постигнување национална рамноправност на граѓаните во РМ. Секој друг договор на штета на Охридскиот договор за мене е неприфатлив. Зошто тогаш се свикуваа средбите кај претседателот Трајковски зошто се повикуваа да учествуваа претседателите на политичките партии, кои се потписници на Охридскиот договор.

Зошто ние да дозволиме да го поништиме, да го згазиме она што го потпишавме? Говорам за албанските партии, бидејки политичките партии не го направиле тоа од своја глава, бидејки се консултирале со голем број фактори во Македонија и странство за да се дојде до она што е факт, компромис и договор.

Тука сакам да кажам дека ја с не сум подготвен да направам натамошни компромиси, освен компромисот што го направивме во Охрид. Вие знаете дека во Охрид замина секоја партија со своја платформа за решавање на проблемто на кризата што постоеше во РМ. Потоа тие платформи станаа  албанска платформа и македонска платформа вомакедонско-албанскито дијалог за да се дојде до решение кое ќе биде прифатливо за двете страни, за да се  запре воната во РМ. Охридскиот договор го има овој карактер и јас мислам дека Охридскиот договор е едно помирување меѓу двата етникуми, пружање на рак а на едниот кон другиот и договор кој што ја гради заедничката иднина.

Доколку ние се одалечиме од Охридскиот договор и почнуваме да подготвуваем нови договори, договори меѓу субјекти, без оглед дали денес се во коалиција овие партии, а може да бидат и други, бидејки Охридскиот договор ќе има подолгорочен рок на целосна имплементација и целосно имплементирање, со учество на албанците во државнит еинституции, а тоа е работа што не може многу лесно да се заврши. Но без оглед кој ќе бид ена власт, како основа треба да го има Охридскиот договор. Оној кој нема да го прифати, кој ќе се одалечи и кој го избегнува, тој прави штета на граѓаните на Република Макеоднија. Денес говориме за овој закон, утре ќе имаме и  други закони кои ќе доаѓаат со поголем интензитет во парламентарна процедура, предложени од страна на Владата, и доколку доаѓаме овде без подршка на базата , немаме резултати. Добро е да инсистираме со политичка волја да постигнеме, да го имплементираме Охридскиот договор, но да го реализираме правично Охридскиот договор. Доколку се обидуваме со стари манири, еднаш постигнатите договори да ги читаме еднострано, да ги читаме рестриктивно, верувајте  дека не е на штета на еден етникум, туку на штета на сите граѓани на РМ, без оглед на нивната етничка припадност.

Јас ќе се обидам да цитирам, бидејки сум еден од оние кои учествувале во голем број активности кога се подготвуваше Охридскиот договор, на средбите кај претседателто Трајковски со лидерите на политичките апртии, со меѓународните претставници, со Европската унија и САД, но и со другите фактори, јас бев  директен учесник во креирањето на документот, на оваа Спогодба. Јас би рекол дека секое одалечување од оваа Спогодба, без оглед на кои коалиционен партнер, но и на

партиите кои се потписници на Охридскиот договор, мислам дека е од голема штета за сите нас. Прашањето: Кој добива, а кој губи-верувајте, никој не добива, сите губиме, бидејки ние сме се определиле за тоа дека треба да ја градиме заедничката иднина на оваа држава. Не се гради иднината на заедничка држава доколку еден етникум го негира правото на друг етникум.

Вие знаете дека во Охридскиот договор на дециден начин се вели дека освен македонскиот јазик и неговото кирилично писмо во РМ официјален службен јазик е и јазикот кој што го говорат над 20% од населението на оваа држава. Тоа се албанците и тие се над 20% во РМ, што значи дека освен макеоднскито јазик, во Република Македонија службен јазик е и албанскиот јазик. Сега од каде се зема правото и априори се решава дека албанецот може да го добие својот личен документ кој се нарекува пасош на неговиот мајчин јазик, но по негово барање. Тука е разликата што сакам да ја направам. Ако албанскито јазик е службен јазик во РМ, тоа треба д аоди по автоматизам. Кога ќе се исправи граѓанинот албанец пред шалтерот на МВР и ќе побара личен документ што се нарекува пасош, доколку во неговото барање пишува “јас сум албанец” и припаѓа на албанската заедница, тогаш сигурно името , презимето и сите лични податоци треба да бидат напишани на албански јазик и на албанско писмо, бидејки според Законот транскрипцијата е на англиски јазик и со англиско писмо, меѓу англиското и албанското писмо има разлика.

Сакам да направам и една забелешка до предлагачот доколку англиската транскрипција има “ш”, да бидам поконкретен, на албански јазик се знае како се пишува “ш”. Значи, кога ќе дојдеме до тука, треба да дадеме сугестија до Министерството за внатрешни работи, до министерот, кога податоците се на албански јазик, јас сакам да биде употребено и албанското писмо, бидјеки тоа ми го дозволува Уставот и треба да ми го дозволи и Законот. Највисок акт е Уставот и законите се базираат на Уставот.

Затоа, можеме да зборуваме многу вов рска со ова, но не би било добро да поминат овие предлози, без да се дадат забелешки кои мислам дека држат. Некој може да рече дека не држат, но јас мислам дека се во функција на доближување на народите во РМ. Не треба да биде во функција на разделба на граѓаните на РМ, бидејки тоа не донесува корист ниту за вас, ниту за нас, ниту за никој друг заедно овде.

Обврската што ја имаме со Охридскиот договор самите треба да ја почитуваме. Ги прифаќам сите сугестии што произлегуваат од оваа говорница.

Земавме обврска за реализација и целосна имплементација на Охридскиот договор. Ова еднаш е донесено, тука е даден потписот, ние треба да бидеме тие што ќе го почитуваме. Доколку има евентуални разлики околу тоа дека некој се премислил што го дал потписот, значи имало можност и време да не го даде тој потпис, одиме на еден друг сегмент за елаборација. Честопати во медиумите излегуваме како претставници на политичките апртии и велиме дека овој документ не е потпишан само од политичките партии во РМ, кои беа парламентарни во тоа време, две македонски и две албански партии, туку овде е и потписот на Европската унија и на САД. Ова е основниот документ врз кој, во иднина, треба да работи Владата и Парламентот. Други спогодби не ни требаат. Ни требаат почести консултации за почеста имплементација на Оридскиот договор. На никој не треба да му биде задоволство дека ја изиграл албанската страна и имам уште еден предлог. Верувајте, тоа е на штета на макеоднците, доколку се обидуваме да правиме опструкции и игри , толку ќе дадам, колку што ќе дадеш ти. Мислам дека пазарењето и компромисите се направени. Не треба да правиме нови компромиси, туку треба да се почитува она што го дадовме како големи работи во Охрид. 12 дена поминаа, мислам дека неколку дена бевме без леб и вода, но дојдовме до тоа што беше опипливо за двете страни. Тука немавме едностраност. Имавме заеднички јазик со посредство на меѓународниот фактор, меѓународниот фактор кој ги собра и ги доближи ставовите и излезе со еден став, со еден договор, Охридскиот договор. Ние не излеговме со два договори, туку со еден и треба да му се заблагодариме на меѓународниот фактор за придонесот што го даде, за она до кое стигнавме денес.

Уште еднаш сакам да нагласам, посебно партнерит еод владината коалиција да ја разгледаат можноста со автоматизам на членот припадник на заедницата немакедонец во РМ да му се издаде документ кој се бара и се гарантира со Уставот. Доколку речам дека официјален јазик во Македонија освен макеоднскито е и албанскиот јазик, тогаш и личните документи, како што е личната карта, изводите што се добиваат од Министерството за внатрешни работи или Министерството за правда, доколу личната карта се добива по автоматизам по наше барање и велам: припаѓам на албанската заедница, и лична карта со сите податоци на албански јазик ќе ми дадеш, зошто да правиме посебно барање непосредно го сакам или не го сакам својот мајчин јазик. Јас мислам дека ова треба да биде по автоматизам, во моментов кога секој граѓанин од било која заедница , кој живее во РМ, кога ќе се обрати до МВР, Министерството по автоматизам да обезбеди да му се издаде документ на неговиот официјален службен јазик. Навистина имавме лоши искуства

во изминатите години. Јас говорам од искуство. Јас сум пратеник и кај мене доаѓаат и се жалат голем број граѓани. Не се работи само сега, но говорам за последните 10 години. Кога ќе замине на шалтерите на МВР, доколку му се побара и доколку оној од другата страна на шалтерот е од друга националност, верувајте, имате проблем.

Вие знаете дека албанските граѓани не ги земале своите пасоши последниве 5-6 месеци и доколку тој оди на шалтер и бара на својот мајчин јазик, јас не велам дека тоа е вина на повисоки стуктури, но треба да се едуцираат и подолгите структури. Ние знаеме кој менталитет постои кај пониските  структури. Затоа, доколку Уставот дозволува и имаме добра политичка подготвеност за да усвоиме закон кој ќе ги задоволи интересите на сите граѓани на РМ, треба да се интервенир аод страна на Владата,односно од МВР, личните документи, односно во овој случај пасошот по автоматизам на молба на странката да се напише на неговиот јазик, не по барање, туку по автоматизам. По автоматизам да биде издаден неговиот мајчин јазик и писмо.

Би сакал да истакнам уште еднаш за измената што се врши во членот 1 дека податоците што се ставаат во патната исправа треба да се напишат на латинското писмо, англиското писмо. Мислам дека тука треба да се направи измена, затоа што албанското писмо има други карактеристики, и доколку го имаем тоа право податоците да се напишат и на мајчиниот јазик, тука треба да се интервенира и да се напише на албански јазик и на неговото писмо.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Треба да се интервенир аи на макеоднски јазик да се напишат во тој случај.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Немам ништо против тоа, господине претседател, да барате и на македонски јазик. Немам ништо против да биде и на македонски јазик, тука д анема недоразбирање. Нека биде на македонски, но да не се одзема правото на другата заедница на мајчин јазик да биде тоа, затоа што тоа е дозволено со Уставот. Јас реков дека други компромиси, освен Оридскиот договор, не се добри и на штета на сите е доколку се прават други компромиси.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакав да кажам само дека во албанското писмо неколку букви нема да се совпаднат, а во македонското писмо нема да се совпаднат две третини со англиската латиница.

Процедурално, има збор господинот Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Врз основа на досегашните дискусии, се глда јасно дека двајца потписници на Рамковниот договор се против предложеното решение од страна на Владата. Само сакав да го потсетам претставникот на Владата дека има право да го повлече законот врз основ ана Деловникто за работа на Собранието и можеби ќе почувствува одговорност кога двајца потписници на Рамковниот договор се против или имаат забелешки на предложениот закон. Можеби Владата ќе почувствува потреба и одговорност да го повлече законот и да се редискутираат предложените решенија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако почувствува потреба.

Има збор господинот Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ве поздравувам и јас изразувам незадоволство во однос на процедуралниот начин на ставање во парламентарна процедура на овој закон, односно гледам едно драстично нарушување и газење на слободното мислење, затоа што ние поднесовме амандмани, односно закон во оваа област за да Владата делува на арбитрарен начин и да го амортизира тој наш предлог. Значи, надвладува едноумието и комунистич насилство кое го има оваа влада. Почитувани господа, тука не е во пра кото шање само Законот за патни исправи, туку тука се прави една преголема акумулација на закони кои ќе се носат на штета на албанците. Господинот Халими спомна претходно некои случи, го спомна Законот за амнестија, Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили кои загинале во текот на конфликтот, некористењето на албанскиот јазик во одредени сегменти и механизми на Собранието. Сегашниот закон за кој дебатираме сега кој по мое мислење е сосема деформиран и е во спротивност со сите европски стандарди и многу, многу други случаи. Еве, еден пример. Ќе дадам еден пример во врска со еден сегмент за тоа да илустрирам како функционира оваа Влада. Би сакал токму во овој сегмент Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да спроведат една истрага. Пред одредено време многу скоро едно момче Ибраим Сулејмани беше осуден на 15 години затвор како

поранешен припадник на ОНА. Пред текстот е познат дека наводно ги прекршил воените нормативи и незнам што. Јас вчера контактирав со члековите на семејството на ова момче и го потсетувам претставникот на Министерството за внатрешни работи дека ова момче има документ од Министерството за одбрана со кој се ослободува од воената служба. Исто така, Министерството за внатрешни треба да го има во предвид фактот дека овој човек кој што е осуден со една многу драстична осуда, има документ од здравствениот центар за ментални болести. Овие факти треба оваа Влада да ги има во предвид при нејзиното делување во овој момент и во ова време. Значи изразува еден невиден садизам и со една посебна гордост вели дека тој и тој командант е осуден, тоа е тоа што го читаме по весниците. Значи манипулира со вистината. Дека овој закон не е добар за граѓаните на Република Македонија, во тој контекст би сакал да запрашам, во многу Европски држави кои се и членки на ЕУ, има мултиетнички држави кои функционираат многу добро. Но, треба да ги видиме критериумите кои тие ги воспоставиле во овие области како што е областа на Законот за патни исправи. Доколку ја земеме Финска како пример 5,6% се Швеѓани, Швеѓаните во Финска се 5,6%. 9 милиони финци имаат еден пасош и сите нивни јазици се внатре и Шведскиот и финскиот во нивните патни исправи. Да ја земеме Белгија, или Швајцарија како пример. кај сите е ист случајот, сите граѓани имаат ист пасош и нема никаква сепарација, никаква разлика не се прави кај нивните граѓани.

Сега се јавува прашањето, кој ќе ја плати цената на разликата која се прави меѓу граѓаните. Токму тоа се албанците. Затоа што од досегашната пракса, се знае на разните органи кои делувале во Републилката, делувале на штета на албанците и сега уште полесно се создава простор да им се нанесува и натамошна штета на нив. Затоа што со добивањето на документите кои што ги прави различни албанците од другите, ги сепарира, се констатира дека нешто треба да се преземе против него од страна на судството, полицијата, царината и незнам какви други обврски. Значи на попрактичен начин, на појасен начин ова ќе функционира на местата каде албанците се мнозинство, се разбира. Но, од сега ви гарантирам дека таму каде што албанците се малцинство, никој нема да има храброст да поднесе барање неговиот пасош да биде и на неговиот мајчин јазик, затоа што ќе се преземаат мерки кои што ги споменав пред малку.

Не би сакал да должам, но уште еднаш сакам да Ви укажам дека имајќи ги предвид сите овие регресивни елементи кои ги спомнав претходно кои условно не произлегуваат од Охридскиот договор, се раѓа прашањето дали сакаме да

создадеме соживот во Република Македонија или пак тука повторно се прави се кај албанците да се акумулира нивното незадоволство кое подоцна ќе дојде до израз.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ова е еден важен законски проект кој Собранието треба да го донесе во согласност со уставните амандмани, со промените што ги направивме во Уставот. Јас само ќе потсетам на тоа дека овој документ скоро во иста содржина беше пред десетина месеци пред Собранието во поранешниот состав, но заради отпорот тогаш на СДСМ кој тогаш тврдеше дека тој документ ќе внесе федерализација во земјата, беше повлечен од Владата. Всушност се изгубија десет месеци. И направена е една грешка. Некој сега може да каже дека, ете, десет месеци се кочеше спроведувањето на амандманите, на Рамковниот договор итн. Меѓутоа, овој закон требаше да се донесе од поранешниот состав. Единствено само овој закон не е донесен од поранешниот состав од овие причини. Ние гласавме против итна постапка за овој закон, затоа што мислам ако можеше да се изгубат 10 месеци, можеше да се изгубат уште две недели, да се обидеме по едно вакво важно прашање да донесеме закон за кој ќе гласаат сите. Мислат дека овој закон не го поддржуваат баш сите граѓани. Еден голем дел од граѓаните не го поддржуваат. Ние пратениците кои сме должни да ги спроведуваме донесените уставни промени за разлика од граѓаните немаме право да размислуваме така: ова ми се допаѓа денес, а она не ми се допаѓа денес, туку тоа што е обврска на оваа држава во континуитет треба да се остварува за да создадеме услови на тие кои сакаме да ги создадеме врз основа на уставните промени. Мислев дека во една редовна постапка што во Комисиите, што во разговорите меѓу пратеничките групи ќе можеше да се постигне консензус. Вака со забрзана постапка, со итна постапка се лишуваме од таа можност. Но, со оглед на тоа дека ваков текст всушност имаа партиите кои беа и порано во Парламентот и сега се во Парламентот, мислам дека треба да направат напор ако можат некои работи со амандманска постапка да исправат, да исправат ако не, сепак да направат напор да гласаат за овој закон, да не остане нешто после донесувањето на овој закон како ете, има основа уште за незадоволство на оваа партија, на овој дел од населението, на оваа заедница итн. Не е добро ваков закон да ни остане со некоја хипотека.

Друго, сакам да нагласам дека не е ред сега кога имаме точен текст на уставните амандмани да покренуваме прашаење и да даваме споредби со земји и состојби во земји каде уставно тоа е поинаку решено. Ние не можеме сега да покренуваме нова уставна постапка за измена на Уставот па да даваме основа за такви решенија како во Финска, како во Швајцарија, како во Белгија. Тоа не е ред да го правиме. Токму таа опасност стално да доаѓаат некои такви барања овде ги правеше сите резерви и спрема донесувањето на Рамковниот договор, а и спрема претварањето негово во амандмани. Затоа сега треба да знаеме, Рамковниот договор е една работа и потпишан и само за појаснување ако треба, треба да се користи, а документи кои ние мораме да ги почитуваме како решавачки за нашето натамошно однесување, тоа се амандманите кои ги донесовме и мораме во склад со нив да работиме. На друг начин не можеме да работиме. Мислам дека не треба да се користат овие прилики кога сите чувствуваме една зголемана одговорност и да не не разберат баш нашите гласачи добро за тоа што ние ќе го одлучуваме овде, сепак, да одлучиме да се донесе еден важен закон, да ги користиме да покренуваме прашања на Устав, на уставни решенија итн. Тоа не е добро да го правиме, бидејќи ќе не одведе во некои лоши води. Исто така, не е добро ако се најдеме пред една ваква задача да спроведеме одредби од конкретен уставен амандман, на тоа треба да се ограничиме. Не треба пред донесувањето на амандманите да кажуваме дека не сме имале идентитет, дека сега напред само наш идентитет ќе создаваме овде, тоа ќе ги збуни луѓето, а ќе ги збуни и странските набљудувачи овде и сите што не гледаат нас. Исто така, не е добро да зборуваме дека до 13 август само племиња биле овде и племенски чауши и незнам што, а сега наеднаш имаме нова состојба. Мислам тие се непромислени работи. Може би се кажани со добра намера, но тоа е и навреда и на македонскиот народ и на припадниците на заедниците итн. Да ги мериме зборовите. Се наоѓаме пред многу конкреетна задача и да се концентрираме на тоа. Имаме конкретен проект кој минал делумно во Владината процедура и во поранешната Влада. Сегашните пртставници овде биле или во поранешната Влада или сега во оваа Влада се. Законот е скоро ист. Немаме никаква пречка. Законот не е популарен, нема да го сакаат и нема баш многу да го поддржат и припадниците на македонскиот народ и припадниците на албанската заедница и припадниците на турската заедница особено, затоа што тие се надвор од овој закон. Но, тоа е нашата состојба и тука е нашата одговорност. Нас не избрале да работиме по Уставот. Така и сме прифатиле кандидатура, така ги потпишавме дека прифаќаме да бидеме кандидати. Затоа јас уште еднаш кажувам, можеби ќе беше подобро во една

нормална постапка, во исцрпни разговори со претставниците на сите пратенички групи да се обидеме да обезбедиме консензус, едногласност по овој закон, да не ни се враќа повторно назад со некои сосема нови барања. Стално можеме да предизвикаме напнатости, а живееме во едно многу опасно време. Напнатостите треба што можеме повеќе да ги отстрануваме. Еве, уште еднаш кажувам, ние ќе гласаме за овој закон и покрај тоа што мислевме дека е подобро да оди во редовна постапка. Ќе го поддржиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по повод денешната точка на дневен ред измените на Законот за патните исправи, би сакал од името на СДСМ да потенцирам она што е најбитно, а што е битно да се образложи согледа и анализира при донесувањето на измените во овој закон. Имено, најпрво секогаш мора да појдеме од правниот основ и правните аргументи кои претходат на едно вакво законско решение. Како што го има тоа образложено и предлагачот на законот од страна на Владата правниот основ е во два сегмента.

Точка 6 односно подточка 6.8 од Рамковниот договор и амандманот 5 врз основа на кој се донесени и измените во Уставот. Ставовите 1 и 3 од истиот кои говорат дека службен јазик на целата територија на Република Македонија и во меѓународните односи е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Меѓутоа, во делот на личните документи се говори дека сите лични документи кои ги добиваат граѓаните, овој пат како што предвидува законот на нивно барање за патните исправи се издаваат и на јазикот кој го зборуваат граѓаните што исто така службен јазик предвиден во амандман 5, а кој е различен од македонскиот и кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РМ, припадници на останатите заедници.

Меѓутоа, овде е битно да се потенцира и нешто друго, дека не само што постои правен основ, туку постои и директна обврска која произлегува од Уставот и уставните амандмани на РМ кои се негов составен дел. Што значи дека непостапувањето, односно недонесувањето на еденваков закон претставува и директно кршење односно неспроведување на усвоените уставни амандмани. СДСМ јасно и доследно ќе се залага за почитување на принципот на законитоста и владеење на правото и е должен пред граѓаните на РМ овие обврски да ги спроведува и доследно да ги реализира.

Битно е исто така да се знае и да се повтори и да се нагласи дека Рамковниот договор беше израз на една политичка волја за регулирање на однос на одредени односи во општеството, во државата, од кои понатаму произлегуваат промените на Уставот изразени преку уставните амандмани и дека за овие две рабоит потпишаа, односно гласаа тогашна поранешна опозиција и тогашната поранешна власт. Значи, со еден консензус, кој покрива најголем број од пратениците во поранешното и во досегашниот состав на Парламентот.

Исто така, содржината на Рамковниот договор и на уставните измени беше и во тоа време јасна, јавна, транспарентна и решенијата кои беа понудени во неа, меѓу кои и ова за пасошот беше добро запознаена целата јавност и сите политички партии.

Покрај тоа што е битен и правниот основ кој е битен при донесувањето на овој закон, битно е како се врши имплементацијата на Уставот и на уставните амандмани кои произлегуваат од Рамковниот договор. Значи овдека се поставува прашањето кој ни е најпрвин односот, а посебно на кои политички партии, а посебно пак на оние политички партии, кои учествуваа во потпишувањето на Рамковниот договор. Значи, односот кон самиот Рамковен договор, а сега и Уставот како највисок правен акт во државата.

Второто прашање е, која ни е целта, која ни е намерата и кои се принципите и патот по кој треба да се движиме, за да стигнеме до таа цел. Целта и намерата врз основа на позитивните правни прописи, да донесеме законско решение со кои ќе се води кон натамошно допрецизирање и демократизирање на односите во Македонската држава и на принципите на уставност, законитост, јавност, стручност и одговороност. Значи, тоа е целта.

Третото прашање е како ние сите кои политички партии декларативно се залагаме за единствена, суверена, унитарна Македонија во која ќе владее правото, принципите на правната држава и почитувањето на човековите права, како ние сите заедно како политички партии ја замислуваме каква ја сакаме Република Македонија и каква сакаме да биде иднината на Република Македонија и кон што води за остварување на таа цел политиката која ние ја спроведуваме. Значи, политичките партии.

Јас би рекол дека одговорот е дека ние ја сакаме Република Македонија и ја сакаме нашата држава и сакаме нашата држава Република Македонија да биде современа, правна, сигурна, единствена модерна држава. Само таква Република Македонија има перспективи за остварување на сите заложби, за кои сите политички

партии се декларираат, а тоа е нејзиното како крајна цел европско интегрирање. Затоа, еве ни на сите конкретна можност, сите да покажат преку конкретен пример и со конкретни чекори дека работат на овој проект. СДСМ искрено и чесно ќе ја оствари својата заложа, но и својата обврска што ја превзема пред граѓаните на Република Македонија и не само тоа, пред сите граѓани, дури и оние граѓани кои не го дале гласот за СДСМ, затоа што станува збор при донесувањето поготово на вакви закони, вакви проекти кои произлегуваат од Рамковниот договор, станува збор за крупни прашања за кои треба да се делува државнички, а не секогаш партиски.

Наредно прашање, кое исто така е многу битно и се поставува е тоа кој што прави од политичките партии, со политиката која ја води и во која насока ја води Република Македонија со таквата своја партиска политика. Дали тоа поединечно е позитивно корисно за нашата држава на долг рок.

Исто така, да ја погледнеме во контекс на ова ситуацијата малку пошироко и во една поширока целина. Дали решенијата што ги донесуваме, конкретно еве со измените на законот за патни исправи водат кон генерална интеграција, или дезинтеграција на државата или кон постигнување на заедничките цели и заложби за кои ние сите се декларираме и ги имаме напишано во нашите партиски политички програми. Одговорот би бил дали може да ни ја загрози или евентуално да ни ја одземе државата и државноста со вакво законско решение и која е конкретната опасност, доколку евентуално постои таква опасност. Не само што тоа не е можно, туку напротив велиме дека со ваквото решение се затвараат сите можности и се блокира патот на таквите идеи кои водат кон дезинтеграција, а македонското општество се демократизира и се интегрира по забрзано и поефикасно. Впрочем, во минатиот парламентарен состав, исто така, согласно Рамковниот договор и согласно Уставот се донесе нов Деловник за работа на Собранието на Република Македонија. И за прв пат се воведе употребата на албанскиот јазик и неговото користење на седниците на Собранието и на работните тела. Тоа беше една од најмаркантните и највидливите промени и аналогно на тоа се поставува повторно прашањето, дали во практиката, во контекст на претходно укажаното, конкретно таа промена доведе кон дезинтеграција на државата и дали е тоа негативно и опасно за нејзиното постоење и за нејзиниот суверенитет. Секако дека не, бидејќи стабилноста, унитарноста, суверенитетот на една држава, па и на нашата го сочинуваат институциите и нивното функционирање, нивното законито функционирање и сите ние заедно во целина.

СДСМ нуди политика во корист на развојот на демократијата и демократизацијата на државата, наместо да отвораме конфликти, како што тоа го направи во изминатиот период сегашната опозиција. Ние го правиме токму спротивното, ние ги решаваме проблемите, ние мораме тоа да го правиме и да ги затвораме сите отворени прашања.

СДСМ цврсто стои на тоа дека доследно и што побрзо треба да се имплементираат превземените обврски од Рамковниот договор и тоа во интерес на опстојувањето и развојот на Република Македонија како суверена држава, а тоа бидете сигурни истовремено оди во прилог на штетата на сите оние ретроградни сили кои сакаат и со кои би им се стеснил просторот за маневар кој сакаат да прават неред или хаос и кој би имал погодно тло тој неред и хаос, токму во услови кога нешто не е правно регулирано и кога нешто не е решително спроведено. Откога истото ќе се регулира треба одлучна акција истото да се озакони и да се спроведе во практиката и тоа подеднакво за сите се разбира. Токму таа принципиелност, за почитувањето на законите и посебно храброста е главна одлика и новина во пристапот на решавањето што се огледа конкретно во ова прашање во оваа точка од дневниот ред денеска.

Сакам да кажам дека храбар е некој кога донесува големи и брзи одлуки. Се разбира, притоа да се води сметка за сите последици кои би можеле да произлезат од таквите одлуки. Меѓутоа, големи одлуки донесуваат само големи политички партии, кои се подготвени секогаш да ја превземат одговорноста, за која им е дадена довербата. Сите останати, или сето останато би рекол, е малку или просечно. А со просечни заложби и со просечни резултати без решителност, само ќе се оддалечуваме и едноставно ќе бегаме од проблемите, а тоа верувајте јавноста, а исто така меѓународната јавност не го почитува и не го цени. Ние затоа конкретно го оствaруваме и го покажуваме она за која ни е дадена довербата за која сме избрани. Значи, конкретно ја превземаме одговорноста и ги затвораме отворените прашања, за да можеме да се посветиме на некои реални секојдневни проблеми со кои се соочува оваа држава, пред се мислам на економските проблеми.

Дека сето ова не го зборуваме во празно и дека работите на овој план се решаваат и одат во позитивна насока како пример можам да ви го кажам и вчерашното решавање за употребата на јазиците и користењето на јазиците во Собранието на Република Македонија и на водењето на седниците на работните тела. Значи, еве конкретно едно прашање е веќе зад нас и тоа е затворено и решено

и Собранието ќе може без оптоварување и без никакви други политички опструкции да ја извршува својата редовна работа.

На крајот, овие решенија, не само што имаат своја правна основа за која говорев и на која сите сме овде обврзани во Парламентот, туку единствено водат кон интеграција помеѓу граѓаните на Република Македонија, со што се отвора простор за работа и за премин кон решавање како што реков на реалните секојдневни проблеми на сите граѓани во Република Македонија, а истовремено кон интеграција и кон нашата се разбира заедничка цел, тоа е европското интегрирање.

Почитувани пратеници, тоа е единствено патот кој треба да се изоди, тоа се условите што треба да се исполнат, за да Република Македонија која ја сакаме биде онаква каква што сите ние заедно ја замислуваме и ја сакаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, јас сум еден од тие ретките пратеници кој што не гласаше за Рамковниот договор, а исто така и за промена на Уставот. Не гласав тогаш, јасно и отворено го кажав, заради тоа да се ограничуваат правата и слободите на граѓаните, туку само заради тоа што во еден документ мораат сите работи до крај да бидат расчистени, јасни, прецизни кои имаат практични примери.

Јас и тогаш кажав уште многу причини меѓу кои дека тоа се донесува набрзина дека се прави под притисок и дека за сето тоа треба една широка расправа и да се постигне консензус по сите прашања.

Денеска право да ви кажам сум изненаден дека таа битка околу овој закон и не само околу овој закон се води токму меѓу потписниците на овој договор и главните актери за промена на Уставот.

За мене донесувањето на Рамковниот договор и промените во Уставот се закони кој што секој мора да ги почитува па и јас. Према тоа кога ќе се донесе во Парламентот нешто и кога ќе се објави во “Службен весник”, тоа значи дека е обврска за секој граѓанин во оваа држава. Сите зборуваат дека овој закон се носи врз основа на Уставот и се кажува на основа на кои членови, амандмани итн. Сега излегува дека и Рамковниот договор и Уставот не се јасни и прецизни.

Јас во тој поглед нема сега да навлегувам, но сакам да кажам дека и тука сегашната опозиција, а поранешната власт укажа дека тогашната опозиција, а и

јас бев во таа опозиција за жал, секогаш во опозиција, а сегашна позиција дека законот тогаш предложен во ваква форма не беше прифатен.

Исто така, беше укажано од сегашната позиција, а тогашната опозиција дека дел од сегашната опозиција, а тогаш учествуваше во власта, тогаш го поддржуваше тој закон, а сега тоа не го прави. Тоа не го прават и некако се обидуваат да излезат од тие обврски во Рамковниот договор и другите потписници на тој Рамковен договор. Сега се поставува прашањето не владее ли веќе една хипокризија, не се доведуваат ли во прашање главните вредности на морален и етнички план. Нема ли двојни аршини во тие одлучувања. Јас мислам дека ние тој консензус за кој што зборуваше Стојан Андов можеме да го оградиме само на основа на нашиот Устав и негово стрикно спроведување. Не можеме Уставот во секој момент да го ставаме под лупа и под прашање. Затоа што, за тоа нема крај, затоа што тоа ја дестибилизира државата, затоа што тоа доведува анархија итн.

Према тоа, мислам дека посебно потписниците на Рамковниот договор и они кои што гласаа за промените на Уставот се должни тука во Парламентот најмногу да го бранат и тој договор и Уставот, нормално и ние другите затоа што тоа се документи усвоени во Парламентот и треба така да се однесуваме. Инаку, сите настојувања да се излезе од тие нормални процедури и процеси може да не одведе во хаотична состојба и ги замолувам тие кои што практично беа потписници да стојат цврсто зад своите потписи.

БОРИС КОНДАРКО:

Веројатно г. Иванов во својата дискусија погреши или јас погрешно го разбрав. Мислам дека Уставот се однесува за сите и за оние кои го прифатија и за оние кои не го прифатија.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Не знам каде беше овој пратеник додека јас зборував.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓата Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Нешто што особено ми остави впечаток на сите денешни дискусии и во изминатиот период е повикување на Рамковниот договор и повикувањето на неговото доследно и брзо имплементирање од страна на сите политички партии, кои се воедно и партиципиенти во Парламентарното Собрание на Република Македонија. Некако најгласни, најангажирани и најагилни во повикувањето за неговата брза и доследна имплементација се членовите на ДУИ, партија која всушност воопшто го нема потпишано Рамковниот договор. Дали непотпишувањето на Рамковниот договор од ДУИ остава простор, еден ден да ни биде кажано дека со Рамковниот договор, со измените и дополнувањата во Уставот, едностано не се задоволени сите потреби на заедниците, да ни биде кажано дека едноставно не се согласуваат со Рамковниот договор дека Рамковниот договор е фаличен, исто онака како што слушнавме пред извесно време дека и Уставот на Република Македонија е фаличен.

Затоа сметам дека ДУИ, ако сака воопшто да се промовира како политичка партија, пред се треба да го стави потписот на Рамковниот договор, а веројатно за тоа треба да придонесе и најголемата владеачка партија, значи да инсистира од својот коалиционен партнер, да го стави потписот на Рамковниот договор.

Кој што се непотпишувањето, не ставањето на потпис од страна на ДУИ на Рамковниот договор, ДУИ како политичка партија е амнестирана од секаква морална одговорост и политичка и одговорност во имплементацијата на Рамковниот договор.

ВМРО-ДПМНЕ, како сериозна политичка партија стои цврсто зад својот потпис на Рамковниот договор и како што можете да видите учествува во конструктивни расправи и со дискусии на седниците на Собранието во насока на брзо и доследно имплементирање на Рамковниот договор, така што и денеска, како што ви беше кажано од страна на некои наши пратеници ќе гласаме позитивно за овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Би сакал да се изјаснам во однос на законот кој денеска се разгледува истакнувајќи дека нашата партија со влегувањето во коалиција и со своите програмски цели има обврска за имплементација на Охридскиот договор. Сигурно останатите закони ќе бидат донесени набрзо, како и овој закон што денес треба да се донесе. Владата има изготвено акционен план за имплементација на Охридскиот договор, така да во оваа насока ние се ангажираме и натаму ќе се ангажираме со цел оваа наша заедничка обврска и посебно на ДУИ што побрзо да се реализира. Во таа насока е и оваа забрзана процедура за донесување на овој закон, меѓутоа во однос на некои забелешки што ги слушнавме би сакал да разјаснам некои работи.

Прво, се работи за тоа дека законот вели дека патната исправа се издава на три јазици заедно албанскиот на првата страница и на другите страници на барање на кандидатот. Сакам да објаснам дека нема да има некој посебен формулар, туку ќе се спроведува истрата процедура, односно во составот на молбата на патна исправа ќе се истакне како се има изјаснето граѓанинот и дали сака неговиот пасош да биде и на албански јазик, односно на јазикот кој што го говорат над 20% од населението. Значи, процедурата ќе остане иста, единствено во молбата за издавање на пасош ќе биде додадено уште една графа, во коај ќе има прашање да се изјасни граѓанинот дали ќе сака на неговата патна исправа да стои албанскиот јазик. Тоа ќе важи за целата територија на Република Македонија.

Значи, што се однесува до времетло на издавање на паслошот ќе биде исто како и за патните исправи кои ќе се издаваат на англиски и на македонски јазик.

Друго, во однос на писмото кое ќе се користи во молбата што ќе ја поднесе граѓанинот ќе наведе, ќе го напише името така како што тој ќе го напише на албански, на ист начин тоа ќе се напише и на паслошот, затоа што кога во англиската транскрипција се прави албанскиот јазик се има предвид дека се користат истите букви на албански и на англиски, односно латинското писмо. За да бидам поконкретен, на пример моето презиме во идниот пасош кој ќе го имам ќе биде Буџаку, со џ во албанското писмо, за македонските колеги ќе разјаснам, дека буквата s и x односно x и x на албански значи џ. Така ќе биде во мојот иден пасош. Значи, јас и мојата партија мислиме дека треба што побрзо да завршиме со донесувањето на овој закон, со цел да ги реализираме и другите обврски кои произлегуваат од Охридскиот договор, со цел да се стабилизира ситуацијата во Република Македонија и да се создадат услови за евроатланска интеграција, како во ЕУ така и во НАТО, согласно фактот дека во овие институции, односно меѓународни

организации се влегува само преку задоволување на меѓународни стандарди. Еден од овие стандарди е и овој закон кој ние денес треба да го усвоиме во Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Почитувани пратеници,

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Пред да преминеме на гласање, ве молам пратениците да влезат во салата.

Господинот Дика бара збор, претпоставувам процедурално.

Господинот Дика ќе каже како ќе гласа пратеничката група на ДПА.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Имајќи предвид дека ние не само како парламентарна група, туку како партија потписничка на Рамковниот договор изразивме некои многу сериозни забелешки во однос на предлогот на законот, предложивме да не се брза со негово усвојување, туку едноставно и сугерираме на Владата тој предлог на закон да го повлече од денешнава расправа, со цел да дискутираме во однос на овие многу сериозни забелешки од страна на двете партии потписнички на Рамковниот договор.

Овие сугестии беа дадени со добра намера, со цел на консенсуален начин да ги поминеме законите кои се од голем интерес за иднината на имплементацијата на Рамковниот договор и за постигнувањето на потполна еднаквост како институционална, така и во реалниот живот.

За жал, од страна на предлагачот, претставникот на Владата тоа не беше направено и затао јас ќе се обидам да го елаборирам ставот на парламентарната група во однос на овој закон.

Фактички, оваа наша одлука во однос на тоа како ќе гласаме за овој предлог на закон не произлегува единствено од текстот на овој закон, туку и од констатацијата на нашата политичка партија, која неколку пати сме ја повториле на нашите конференции за печат, односно нашата констатација дека имплементацијата

на Рамковниот договор не само што е на сериозен начин забавена, туку се констатира дека имплементацијата на Рамковниот договор има сериозни недостатоци, дефекти при имплементацијата. Затоа, како опозициона партија оваа наша проценка, гледајќи дека и натаму се забавуваат работите и се влече, имавме еден чекор со кој се обидовме дас го заживееме вооj процес и поднесовмае предлог на закон за патни исправи. Го поднесовме во парламентарна процедура.

Изгледа дека не само што оваа наша акција, туку и општите проценки во албанското население дека Рамковниот договор, вклучувајќи го тука и Законот за амнестија, навистина не само што се влечат, туку имаат и големи недостатоци. Можеби од таа причина Владата со цел да ја поправи својата претстава во однос на својата слика пред јавноста и преку една интерна одлука без да спроведе консултации со другите потписници на Рамковниот договор донесе сопствено решение.

Решението го имаме пред нас денеска, сведоци сме дека не произлезе ое принципите на Рамковниот договор и од уставните измени, туку од еден процес на преговори кои се постигна договор да дадат согласност тројцата идери на владината коалиција со цел да се подготви еден ваков закон кој го имаме пред нас денеска, а во договорот што беше постигнат таму се поставија некои критериуми кои според мене ќе нанесат голема штета во понатамошното квалитетно имплементирање на Рамковниотдоговор.

Еден од нив е прифаќањето од албанска страна на користењето на албанскиот јазик во комисиите. Наместо потребата на албанскиот јазик во Парламентот или соодветното толкување на членот 5 од Уставот, албанскиот јазик да биде признат како официјален јазик на флексибилен начин да биде толкуван овој амандман, ние со воие нови преговори што се направија се одлучи албанскиот јазик да се користи само на една столица, а кога ќе се смени столицата, односно местото каде се седи, тогаш да се промени. Наместо да се толкува на екстизивен начин, односно кога јас како пратеник говорам на албански јазик за еден закон на мекедонски јазик ќе се обидувам постојано тоа да го преведувам на албански јазик. Значи, наместо на флексибилен начин, на екстезивен начин да се толкува употребата на албанскиот јазик, на овој начин се постави една граница со која се кажува дека албанскиот јазик ќе се употребува вака и така, зависно од желбата на политичката гарнитура.

Вистина е дека ние бевме дел од Владата кога се донесе Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, со цел да не остава место за

натамошна реплика, исто така од Владата кога се предложи законот за патните исправи, доколку се сеќавате дека тогаш имаше ригиден став како за Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, така и за патните исправи, дури и по цена да има нови избори, се додека пасошот не биде печатен на два јазика и Деловникот за работа на Парламентот да биде на таков интензивен начин, за да не може лошо да се толкува.

Меѓутоа, токму од водечките гарнитури на тогашната власт бевме критикувани дека овие наши ставови кои ги имаме во однос на овие две точки, бевме оценети како маркетиншки радикализам и дека ова го правиме само со цел да останеме што подолго на власт.

Мислам дека тоа беше многу погрешна проценак на тогашната гарнитура, затоа што еве сега се соочуваме со овој предизвик и мораме да дискутираме за една работа за која сме се договориле со Рамковниот договор. Но, ние нашите проценки никогаш не тргнуваме од позиција на апсолутен победник или губитник и затоа активностите кои ги преземавме како политичка опозициона парртија за да го заживееме овој процес се однесуваше на оние точки кои што беа јасни во Рамковниот договор и со уставните амандмани, односно Законот за патните исправи.

Ние мислиме дека дури и членот 5, доколку го читаме така како што пишува, како и Рамковниот договор гарантира албанците кои се над 20% во населението на Република Македонија, се народ во Република Македонија и употребата на нивниот јазик треба да се третира на адекватен начин.

Доколку ние немавме волја тоа да го реализираме, тогаш можеме да најдеме 100 мали причини во законите и со секој закон се повеќе да ја редуцираме употребата на албанскиот јазик и така да стигнеме до една позиција која нема да биде воопшто поразлична од претходната позиција и покрај тоа на сите инвестиции што беа направени од страна на сите во 2001 година.

Значи, освен со техничкото решение кое мислиме дека албанците ги става во позиција на граѓани, а не ги третира како колективитет, како народ, како што се деклариравме, тука ние имаме забелешка во однос на пристапот на имплементацијата на Рамковниот договор.

Значи, ние не ја прифаќаме на никој начин логиката за преговарање за работи кои што се јасни и како што е тоа со Законот за патните исправи. На овој начин на перфиден начин, полека се редуцираат правата на албанците со секој нареден закон, било во однос на јазикот, било во однос на другите активности.

Со цел да дадеме еден силен политички сигнал како политичка партија, уште еднаш сакаме да сигнализираме дека имплементацијата на Рамковниот договор има дефекти во пристаспот и во имплементацијата. Со цел да го дадеме овој силен сигнал и со цел да не ја преземеме одговорноста во оваа насока, ние како парламентарна група по оваа точка од дневниот ред ќе ја напуштиме собраниската седница и ќе оставиме да тече процесот како што е планирано.

(Пратениците на ДПА ја напуштаат собраниската сала)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

СДСМ ќе гласа за подршка на овие измени, кои да корегирам, не се дел од никакви нови преговори. За нас амандманот 5 е јасен и коректно би било кога се цитира да се цитира во целост. Со овој закон не се редуцираат никакви права, туку напротив предлог измените на законот што е денес пред пратениците е јасен израз на напорите што оваа Влада ги прави во насока на решавање на отворените прашања во државата како придонес кон зацврстување на меѓуетничката толеранција и доверба. Со ваквиот конструктивен приод се обесправуваат оние чија единствена цел се конфликтот и поделбите и се застанати на патот на екстремизмот и етничката исклучивост, со што се придонесува кон зачувувањето на суверенитетот и територијалниот интегритет во Република Македонија. Затоа ние ќе гласаме за.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Ние ќе гласаме за овој закон, меѓутоа не го сметаме дека е некој дел од договор. Законот го сметаме дека произлегува од амандманите.

Инаку, сакам да дадам една забелешка.

Беше објавувано дека е направен некој договро во кој е и меѓу другото ДУИ се обврзало да ја признае македонската граница, онаа што ја склучивме ние со Спогодбата со СР Југославија, сега заедницата Србија и Црна Гора.

Ако има некои проблеми од таков вид, мислам дека премиерот бил должен со ДУИ пред да ја внесе во власта да ја разјасни таквата работа, а не сега да преговараат за границите, затоа што мислам дека за границите не смее да се преговара. Така да мислам дека тоа повеќе е дезинформација, отколку вистински договор и заради тоа не го поврзувамаме со овој закон, а овој закон го третираме само како закон кој произлегува од амандманите кои ги усвоивме и затоа го подржуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Како што е познато на македонската јавност, минатата недела раководствата на СДСМ, ЛДП и ДУИ постигнаа согласност и една цврста определба за заедничко делување во оваа насока.

Целосно почитување на уставниот проедок на Република Македонија, унитарниот карактер на државата, територијалната целовитост, безрезервна подршка на уставното име, знамето на Република Македонија соодветно да се употребува, за неменливоста на границите, за осуда на насилството, за разорожувањето, пописот да биде прифатен со конечните официјални резултати, раселените лица да се вратат во своите домови, а учениците во своите училишта. Значи, постигнат е еден компромис со јасна и недвосмислена намера дека треба да живееме едни со други, а не едни покрај други.

Што значи овој договор за нас и ЛДП. Значи, дека нема две македонии како до сега, нема една која што е до Групчин и една Македонија која што е после Групчин ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве замолам да зборувате за законот за пасош.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Сите субјекти во актуелната владина коалиција сакаат да бидат одговорни на целата територија на Република Македонија и бидејќи за овој став добивме поддршка и од меѓународната заедница, пратеничката група на ЛДП ќе гласа побрзо изменување на пасошот, односно патната исправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме, гласаме сите пратеници.

Вкупно гласале 90 пратеници, од кои 84 гласале за, 1 воздржан и 5 против.

Ве молам да преминеме на гласање на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство, ве молам со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака.

Молам службите да избројат.

Гласале 15 пратеници.

Кој е против?

Еден пратеник е против.

Дали има воздржани? (Нема)

На седницата гласаа 21 пратеник кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, а од нив за предлогот на законот гласаа 20 пратеници, еден гласаше против.

Врз основа на тие гласања, констатирам дека Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Пред да преминеме на втората точка предлагам пауза до 15,оо часот и продолжуваме со Буџетот.

(Пауза од 14,оо часот)

(По пауза)

Седницата продолжи со работа во 15,20 часот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Минуваме на точката 2 - Предлог на буџет на Република Македонија за 2003 година.

Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2003 година, со буџетите за 2003 година на Фондот за пензиско инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за магистрални и регионални патишта, Фондот за животна средина, Фондот за водите, Фондот за земјоделство и Заводот за вработување на Република Македонија кој согласно член 3 е од Законот за буџетите

и се составен дел на буџетот на Република Македонија за 2003 година, како и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Го молам министерот за финансии господин Петар Гошев да даде воведно излагање за Предлогот на буџетот.

Има збор министерот за финансии господин Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници,

Од познати причини, не во декември минатата година, туку токму сега, го имате пакетот економски мерки и политики на Владата на Република Македонија за 2003-та . Пред вас е Макро-економската политика, како генерална проекција, проследена со неколку одделни разработени приоритетни програми на мерки кои што дополнително и продлабочено ги фокусираат централоните прашања на макро-економската политика, со тоа и есенцијалните приоритети на Владата за остварување на нејзините две, фундаментални цели: намалувањето на невработеноста и намалувањето на сиромаштијата. Како што имавте прилика да видите, тие одделни и оперативно разработени политики со мерки се:

Прво, мерките за зголемување на вработеноста и флексибилноста на пазарот на трудот;

Второ, мерките за мобилизирање на штедењето, зголемување на кредитирањето на приватниот сектор и инвестициите;

Трето, мерките за поттикнување на извозот;

Четврто, програмата за поттикнување на претприемаштвото и развојот на малите и средни претпријатија;

Петто, активностите за завршување на процесот на приватизација во Република Македонија.

Пред вас за дискусија е и најважниот годишен документ на секоја земја, Предлог буџетот за 2003-та, како најиндикативен инструмент за тековниот економски капацитет на една земја и за политиката што сака да ја води една влада во тој период.

Пред вас се голем број предлози на закони и предлози за измени и дополнувања на закони од обласста на финансиите, трудовото законодавство и од други области кои што изразуваат истовремена намера за конкретно обезбедување на правно-нормативен амбиент за имплементирање на макро-економската политика

на Владата, заедно со споменатите есенцијални приоритети. Веднаш да напоменам дека понуденото, без оглед на бројноста на материјалите и законските проекти, е само дел од вкупните мерки кои што Владата сукцесивно ќе му ги доставува на Парламентот на разгледување и усвојување што, се надевам, можевте да видите во приложените политики.

Почитувани пратеници,

Владата цврсто верува дека предложената макро-економска политика и пакет мерки заедно со следните што се подготвуваат во рамките на овој концепт, дефинитивно ќе доведат до позитивен пресврт, односно менување на застрашувачки лошата економска социјална состојба во нашата држава. Се разбира и на најсовршените мерки, додека да почнат да даваат резултати им треба извесно време. Ова мора да го кажеме иако, тие што од мака, од очај, од егзистенцијална неизвесност, ги полнат и блокираат улиците, со право бараат побрзи и поефикасни решенија, зашто на такви вистина долго чекаат. Особено е потребно време ако затекнатата економска, социјална состојба е исклучително тешка. Имено, Република Македонија долга низа години има ниска инфлација, стабилен девизен курс на денарот, задоволително ниво на девизни резерви.

Меѓутоа:

Има ниско ниво на домашно штедење, едвам 5-7% од БДП, далеку под нивото на другите поуспешни земји во транзиција. Потоа многу години егзистираат високи каматни стапки, со високи реални маргини, а згора на тоа и така малиот волумен на домашни заштеди, преку доминантната девизна компонента (80%) се пласирани во банкарски депозити во странство;

Прво, имаме крајно ниско ниво на странски дирекни инвестиции, при што убедливо го држиме дното на скалата на транзиционите земји;

Второ, се водеше политика на јавна потрошувачка, со проинфлаторен буџетски дефицит кој што го гуши и оневозможува развојот на приватното претприемништво;

Трето, резултанта од тоа е: мал обем на бруто-инвестиции во основни средства, повторно далеку под компарабилните земји, така што, отсуството на долгогодишен или доволен раст, високата невработеност и раширената сиромаштија максимално кореспондираат со наведените факти;

Четврто, континуирано високо негативно салдо на трговскиот биланс, (дури 850 мил$ 2002г.) и висок дефицит во тековната сметка на платниот биланс (302 мил$ 2002г.), со стагнантен извоз кој што повеќе од 10 години останува речиси на слично

доларско ниво, што е последица на бројните слабости во досегашниот систем и економската политика и длабока причина, особено за помалите држави за економска стагнација и релативно назадување;

Петто, чувствителна политичка ситуација,како додатна и многу отежнувачка околност,  безбедносни проблеми: и внатрешни и во поширокото опкружување. Непрекинат “танц” на екстремисти од сите видови. Лажни патриоти, шферцери на роба, и на дрога. Трговци-шверцери на националните каузи. Демагози за социјална правда без елементарно разбирање што е социјална правда, кои се нејзините базични принципи или кој концепт на социјална правда не води кон помала социјална неправда, а кој кон нејзино елементарно нарушување. Сите тие заедно му одземаат на општеството, ни одземаа нам огромна енергија, трошат огромни ресурси на штета на растот, развојот, напредокот, благосостојбата.

Според тоа, почитувани дами, господа, ценети пратеници, Владата е наполно свесна за тежината на задачата што и претстои.Затоа и се определи за широк спектар на мерки со најгрижлив избор на фундаменталните приоритети на земјата - поттикнувањето на вработувањето и намалувањето на сиромаштијата - се разбира, зборувам за економско-социјалната свера.

Аксиоматска вистина е дека обезбедувањето услови за одржлив динамичен стопански раст е бизичниот одговор за намалување на невработеноста и сиромаштијата во секоја па и во нашата земја. А Владината основна матрица за тоа, преку политиките и мерките што ви ги предложивме е следната:

Прво, да го поттикнеме приватното претприемништво. Државата се уште ни е најголемиот вработувач. Затоа сите притискаат да добијат државна служба, а тоа пак само ја продлабочува агонијата. Тоа мора да го спречиме;

Второ, да ги интензивираме пазарните реформи во секторот на претпријатијата и пазарот на работната сила;

Трето, да продолжи стабилниот девизен курс на денарот и одржувањето на девизните резерви;

Четврто, да ја консолидираме фискалната позиција на земјата, на среднорочно одржливо ниво и да создадеме услови за стабилизирање на странскиот долг на Република Македонија на ниво до 40% од бруто домашниот производ.

Петто, да се справиме со раширената корупција во државата која што безмилосно ги присвојувала парите на даночните обврзници, директно придонесувајќи за растот на големата невработеност и сиромаштија.

Анализите покажаа дека оваа година можеме да проектираме:

раст на бруто домашниот производ од ококлу 3%;

стапка на инфлација од исто така околу 3%;

дефицит на тековната сметка на платниот биланс од околу 302 милиони долари, или 6,9% од бруто домашниот производ:

девизни резерви на ниво на околу четири месечен увоз;

дефицит на централниот буџет за 2003 година од 1,6% од БДП.

Остварувањето на овие квантитативни таргети (цели) недвосмислено е дека водат кон отпочнување стабилизација на земјата и почетни услови за отпочнување процес на намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Ценети пратеници!

Знам дека најважни прашања се конкретните мерки, кои можат да обезбедат остварување на квантитативните цели, а не самото соопштување на тие цели. Поради нивната обемност, што веќе ви е приложена и што допрва ќе следи, дозволете ми да потсетам само на некои од нив:

Прво, рековме дека развојот на приватниот сектор на претприемачката иницијатива е клучниот фактор за динамизирање на стопанството и отпочнување процес на отворање на нови работни места.

За таа цел во тек се подготовките за формирање Агенција за подршка на претприемаштвото, основањето претприемачки инкубатори, за кои долго време се зборува во нашата земја:

Во тек се подготовките за радикално поедноставување и поефтинување на постапката за основање трговски друштва. На Собранието ќе му бидат предложени измени и дополнувања на десетици закони сврзани за условите и постапките за основање друштва, за вршење економска дејност;

Во тек се подготовки за поттикнување на деловно поврзување на фирми, развивање на локални центри за обука на претприемачи и други слични форми на нефинансиска поддршка;

Во тек се подготовки за поголема финансиска подршка на приватните претприемачи, со поповолни кредити за обртни средства, за долгорочни инвестиции, како и за поддршка на извозот. Во завршна фаза се подготовките за отпочнување на работа на банка за микрокредитирање. Во тек се подготовки за воведување гарантни фондови за кредитни задолжувања, за домашни извозни активности, за остварување програми за самовработување и формирање агенции за кредитен рејтинг.

Во завршна фаза е изготвувањето на студијата за отстранување на инвестиционите бариери.

Во соодветниот материјал имате многу повеќе за овие прашања.

Второ, рековме дека зголемувањето на извозот е еден од примарните услови за развој на нашата вкупна економија и затоа Владата ви ја понуди веќе спомнатата програма на мерки за негово поттикнување и зголемување.Потсетувам само на неколку од нив.

Во тек се подготовки за поинтензивна промоција и поддршка на производството наменето за извоз, осигурување на извозот од неконмерцијални ризици на домашните извозници и осигурување од некомерцијален ризик на долгорочни странски вложувања, а во тек и разгледување на можностите за формирање посебен извозен гарантен фонд.

Овој проект ќе биде реализиран преку Македонската банка за поддршка на развојот, која што во соработка со Светската банка ќе биде соодветно реорганизирана.

Во тек се подготовки за обезбедување странски експерти за обука на менаџерскиот кадар и соодветен развој на маркетинг службите во извозните фирми.

Се вршат подготовки за зајакнување на функциите на системот на акредитација, стандардизација и метрологија.

Се вршат подготовки за формирање Македонски национален совет за конкурентност и во неговите рамки формирање на Форум на извозници.

Се врши анализа на договорите за слободна трговија за да се согледаат неповолностите за македонските извозници и да почнат постапки за нивно менување. Патем да спомнам дека во размената на само со три држави, со кои имаме заклучено договори за слободна трговија (Бугарија, Словенија и Турција) во 2002 година имаме остварено 265 мил.$ трговски дефицит.

Најмалку два пати годишно ќе публикуваме листа на расположиви изори за финансирање. Ќе продолжи поедноставувањето на царинската постапка за побрз проток на стоките. Ќе продолжи усовршувањето на системот на квотите и ќе ја зголемиме ажурноста во повратот на царините.

Ќе се подготви  каталог на најголемите странски и домашни извозници. Во нашите дипломатско-конзуларни претставништва ќе започнат со работа трговски претставници.

Ќе се воспостави соработка со меѓународниот трговски центар, посебно заради обезбедување техничка помош за маркетинг на одделни земјоделски и прехрамбени производи и за промоција на еко-производи од Република Македонија.

Трето, посебно нагласивме дека мобилизирањето на штедењето, зголемувањето на кредитирањето на приватниот сектор зголемувањето на инвестициите се услов без кој нема раст на стопанството и намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Затоа и за овие прашања подготвивме посебни мерки од кои, дозволетеми да спомнам само некои од нив.

Конкретната програма исто така Ви е доставена.

Во соработка со Народната банка на Македонија ќе продолжи создавањето услови за натамошно зацврстување на банкарскиот систем. Штедачите со своите пари доаѓаат само во здрави банки и само здрав банкарски систем со минимизирани ризици може да стимулира повисоко ниво на заштеди, со тоа и продукција на поголема кредитна основа за инвестиции. Затоа подготвуваме измени на Законот за банки со кои ќе се дејствува врз намалување на нивните трошоци на работење, скратување на процедурите за стекнување акции, а ќе бидат преземени дополнителни мерки за зајакнување на банкарската супервизија и внатрешното преструктуирање на банките.

Фондот за осигурување на депозитите ќе продолжи со својата кампања за зголемување на довербата на штедачите во банкарскиот систем. Ќе следат измени во Законот за Фондот за осигурување на депозитите за да се намалат расходите на банките, а намалувањето на расходите на банките не само по овој основ мора да води кон намалување на каматните стапки.

Веќе се во тек подготовки за измена на Законот за девизно работење (ќе ви биде доставен на некоја од нардните седници) со кои на банките ќе им биде дозволено да одобруваат девизни кредити на сите стопански субјекти. Од ова мерка очекуваме најмалку два вида ефекти:

притисок за намалување на денарските камати

и користење на вкупниот депозитен потенцијал на банките за кредитирање на стопанството.

Банките ќе бидат ослободени од обврската за плаќање ДДВ и данок на имот за хипотеките кои треба да бидат реализирани во рок од три години, што исто така ќе им ги намали трошоците.

Со усвојувањето на новиот закон за договорен залог и со предвидените измени во законот за извршната постапка ќе се зголеми финансиската дисциплина. Ќе се заштитат доверителите. Ќе се забрза реализацијата на колатералите, со што бездруго ќе се влијае врз намалувањето на лошите пласмани на банките и врз намалување на каматните стапки.

Ќе продолжи јакнењето на самостојноста на НБМ посебно преку пренесувањето на ингеренциите за политиката на девизниот курс. НБМ нема да издава гаранции за кредитни аранжмани на приватни компании, како што тоа го чинела во изминатиот период.

Ќе се донесе нов закон за спречување перење на пари.

Ќе продолжиме со активностите за развој на пазарот на капитал а од приложените материјали можевте да видите и во која насока.

Министерството за финансии подготвува проект за издавање на првите државни краткорочни хартии од вредност.Тоа ќе овозможи неинфлаторно финансирање на буџетскиот дефицит, збогатување на понудата на хартии од вредност,зголемување на пазарот на пари, краткорочни хартии од вредност. Тоа ќе придонесе кон мобилизирање на штедењето, пред се, на тоа што денеска е надвор од банкарскиот сектор, а со тоа и можност на државата за пласирање на средства во евентуално извозни проекти.

Почитувани пратеници!

Од разбирливи причини сигурен сум дека посебен интерес и за Вас и за пошироката јавност се мерките за зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила, директните активни мерки за поттикнување на вработувањето и решавањето на фирмите загубари, поточно судбината на луѓето што се или биле вработени во нив. Бидејќи, особено за дел од нив, ќе се води расправа кога ќе стане збор за конкретните законски проекти, што ќе бидат образлагани од министерот за труд и социјална политика, јас овде само накусо би рекол:

Владиниот реформски концепт; Владиниот концепт за развој на приватниот сектор,владините заложбите за намалување на невработеноста и сиромаштијата; Владиниот концепт за преструктуирање на стопанството во правец на зголемување на неговата ефикасност, извозна ориентираност; Владиниот концепт за улогата на државата во услови на пазарна економија, ориентацијата за ефикасно решавање на фирмите што создаваат загуби; Владиниот концепт за одржлива и продуктивна социјална политика, не би вределе многу доколку не ги предложевме познатите мерки од овој домен и доколку прифатевме или прифатиме решенија што веќе

подолго се нудат од синдикатите, од работници кои, нема сомнение се во тешка состојба и нужно бараат лек за своите социјални и егзистенцијални грижи.

Меѓутоа, Владата е повеќе од сигурна дека вистинските реформи бараат: флексибилен пазар на работната сила и дека предложените измени на законите од таа област се повеќе од нужни. Владата е повеќе од сигурна дека предлозите за пензионирање со речиси половина од потребниот работен стаж, е крајно неефикасно средство за целото општество.

Владата е повеќе од сигурна дека брзото решавање на фирмите загубари врз платформата што ја има со Светската банка е најдоброто можно решение во овој момент.

Владата е сигурна дека во овој момент, со сите буџетски ограничувања, внатрешни и надворешни долгови, меѓународни обврски и посебни аранжмани, за луѓето што се од фирмите загубари како и за социјално најзагрозените, понудените активни мерки за стимулирање на вработувањето, се подобро решение од алтернативните за кои се штрајкува и дека вкупниот концепт што го нуди Владата е вистинската насока за излез од кризата, се разбира не утре, меѓутоа, во многу, многу блиска иднина, за многу пократок период од мнозина што мислат.

Почитувани дами и господа,

Сега се поставува прашањето дали фискалната политика дизајнирана преку Буџетот на Република Македонија за 2003 година е соодветна на поставените макроекономски цели.

Можам веднаш да одговорам, со да, не затоа што ние го предлагаме. Преку Буџетот таа е фокусирана на следното:

Прво, да создаде услови за глобоално намалување на активните каматни стапки што ќе го зголеми просторот за кредитирање на претпријатијата од страна на банките, тоа е нашата најслаба точка во системот која мора најбргу да се поправи за да добиеме најбрзи и најсоодветни и на единствено можниот најдобар начин за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Второ, да обезбеди услови за намалување на трошоците на претприемачите, пред се' преку намалување на даночното оптоварување;

Да обезбеди простор за финансирање на реформските активности, на спроведувањето на уставните промени од 2001 година и Рамковната Спогодба, како и на процесот на интеграција со Европската Унија и со НАТО.

Прво, да обезбеди финансирање на редовните функции на државата и редовна отплата на долговите;

Второ, да обезбеди финансирање и кофинансирање на развојни инвестициони проекти;

Да обезбеди фискална консолидација на среден рок и

Прво, да обезбеди платнобилансна поддршка, која што со склучениот аранжман со ММФ изнесува за оваа година 180 милиони долари.

Реализцијата на овие цели на фискалната политика ќе се обезбеди на следниот начин:

Прво, и покрај ограничувањата кои произлегуваат од зголемувањето на некои значителни расходи на перманентна основа (како на пример: масата на плати, обврзниците за старото девизно штедење), вкупните расходи во централниот буџет за 2003 година се намалени за околу 6,3 милијарди денари. Според последните податоци, потврдени од страна на ММФ, расходите во општиот владин буџет, заедно со фондовите се намалуваат од 41,4% од БДП во 2002 година на 35,5% од БДП во 2003 година. Податокот за 2002 година ги содржи и расходите за издадените цертификати за компензирање на штедачите на пирамидалните штедилници, но и без тоа вкупната јавна потрошувачка во 2003 година се намалува за над 4,5 процентни поени. За да се обезбеди проектираното ниво на потрошувачка ќе бидат спроведени повеќе мерки, меѓу кои:

а) Освен за потребите за професионализација на армијата и имплементацијата на Рамковната спогодба во делот на АРМ и МВР, вработувањата кај буџетските корисници во 2003 година ќе биде на нето основа еднаков со то во 2002 година;

Платите во јавниот сектор во 2003 година ќе бидат на минатогодишното ниво;

б) Трезорот при Министерството за финансии ќе биде унапреден и зајакнат за да се зголеми на контролата на извршување на буџетот, на обврските што ги преземаат буџетарските корисници и на нивните достасани неизмирени обврски. Во ова насока, ќе бидат извршени и соодветни измени во Законот за буџети;

в) Покрај подоцнежното изготвување на нов, постоечкиот Закон за јавни набавки ќе биде надополнет со цел да се оневозможи склучување купопродажни договори без обезбедени средства во буџетот;

г) Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија е дизајниран на начин да обезбеди поголема контрола и транспарентност на јавната потрошувачка и зајакнување на контролната и законодавна улога на Собранието на Република Македонија;

Што се однесува до приходната страна, освен корекцијата на стапките на ДДВ и престанувањето на важењето на данокот на финансиски трансакции, стапките на другите даноци и придонеси остануваат непроменети. Како што е веќе познато, Владата на Република Македонија предлага зголемување на повластената стапка на ДДВ од 5% на 18%, тоа е опфат на мал број производи, со мала вредност по формирањето на вредноста на данокот на ДДВ, освен за основните прехранбени производи, кои остануваат со 5%, списанијата и книгите и намалување на општата стапка од 19% на 18%, односно таа стапка која што најмногу учествува во прибирањето на средствата во Буџетот преку ДДВ. Резултат на овие политики не е зголемување на даночното оптоварување, како што некои сакаат да прикажат, туку е намалување на даночното оптоварување од 36% од БДП во 2002 година на 33,5% од БДП во 2003 година. Тоа е за 2,5 не посто, туку процентни поени, што приближно изнесува околу 6 милијарди денари. Само за илустрација, доколку приходите од данокот на финансиски трансакции беа оставени и пренесени преку некој друг данок да остане истата потрошувачка, во тој случај ќе требаше да ја зголемиме стапката од 5% на 7%, а стапката од 19% на 24%. Сепак, тука секако се поставува прашањето за неопходноста од корекција на стапките на ДДВ. Можам веднаш да ви кажам дека ова решение беше нужно. Зошто?

Затоа што, кога недискреционите трошоци (или поблиску кажано законските и договорните обврски на државата), за кои што не се дискутири, туку мора да се платат, според законите, се зголемени на перманентна основа, со тенденција на натамошен пораст, а тука се пред се' платите, пензиите, надоместоците за невработени, социјалните бенефиции, странските и домашните долгови кои во наредната година ќе се зголемат и со овогодишната обврзница за денационализација од околу 40 милиони евра), понатамошното намалување на расходите не беше можно без долгорочно нарушување на виталните функции на државата и отплата на нејзините долгови; освен преку проект за големо намалување на бројот на вработените во државната администрација и гаснење на функционирањето на повеќе институции.

Ако не ги дополневме приходите на перманентна основа преку зголемување на ниската стапка на ДДВ, ќе дојде до перманентно зголемување на дефицитот во буџетот. Пивисокиот дефицит, во услови на непстоење аранжман со ММФ би значело намалување на девизните резерви само во 2003 година за најмалку 90 милиони евра, бидејќи ќе изостанеше ветената платно билансна подршка од странските донатори и кредитори, а таа е 180 милиои долари. Во ваква ссиутуација,

финансирањето на дефицитот ќе требаше да се обезбеди со повлекување на поранешни депозити на буџетот кај НБРМ, што во тековната буџетска година ќе има ефект на непокриена емисија на пари, во износ од околу 4,5 милијарди денари само во 2003 година. Ваквата емисија на пари сигурно би довела до девалвација и инфлација и до отворање на инфлационата спирала. За да го спречи тоа, НБРМ ќе треба да интервенира во насока на намалување на паричната маса во оптек со продажба на девизи или масовно распишување на благајнички записи, што од своја страна би довело до понатамошно намалување на девизните резерви и глобално зголемување каматните стапки во државата, насока која што е спротивна, апсолутно спротивна од посакуваната. Со оглед на трендот на пораст на расходите, последиците во 2004 година би биле уште поизразени. Затоа интервенцијата беше нужна.

Кога зборуваме за приходите, би сакал да истакнам дека во 2003 година ќе преземеме и други мерки за зајакнување на наплатата и зголемување на приходите, Така на пример, ќе извршиме усовршување на даночниот систем преку изменување и дополнување на даночните закони, ќе ја зајакнеме улогата на УЈП во наплатата и на придонесите и на неданочните приходи (концесии), ќе го зајакнеме посебниот сектор во УЈП за следење на големите даночни обврзници, ќе ја засилиме наплатата на заостанатите даночни долгови, ќе предложиме измени во Законот за ДДВ со цел да ја елиминираме потребата за поднесување годишни даночни пријави, ќе ги дефинираме постапките за унилатерално дерегистрирање на малите даночни обврзници, од што има само трошоци, ќе ги продолжиме активностите за воведување фискални каси во наредниот период многу поинтензивно, а наскоро ќе ја активираме и финансиската полиција.

Врз основа на усвоените политики во однос на приходите и расходите, дефицитот во централниот владин буџет за 2003 година е проектиран на ниво од 1,6% од БДП, што е за 1,5 процентни поени помалку во однос на 2002 година, кога истиот изнесуваше околу 3,1% од БДП, без т.н. ТАТ ефект. Вака драстичното намалување на дефицитот ќе овозможи, а тоа е веќе и евидентно, релаксирање на монетарната политика и глобално намалување на каматните стапки, со сите позитивни ефекти врз претприемачите. Деновиве можевте да бидете информирани дека каматата на благајничките записи или се продадени со 9,2% камата, а знаете само пред колку кусо време тие беа 14 или 15 итн. Есконтната стапка е намалена, каматата на ломбардните кредити е намалена, меѓутоа, тоа е само почеток, тоа е

уште далеку од она што им е потребно на претприемачите. Но, процесот со ваква фискална политика тргнува во тој правец.

Предложениот Буџет на Република Македонија за 2003 година е усогласен со проекциите на монетарната политика и платниот биланс, истиот е поддржан од страна на ММФ и обезбедува склучување аранжман, што треба да биде усвоен на бордот на ММФ на 21 април.

Почитувани пратеници,

Сигурно е дека и вас, како и целата јавност, ве интересираат и конкретни бројки околу предлог Буџетот за 2003 година за неговите главни габарити. Дозволете ми во продолжение да истакнам некои од неговите карактеристики.

1) Предложениот централен буџет за 2003 година, без т.н. сопствени приходи изнесува 69,3 милијарди денари, што е за 4,3 милијарди денари помалку во однос на реализираниот буџет во 2003 година;

2) Вкупните расходи во предложениот централен буџет (значи без отплатата на главница по домашни и странски кредити и обврзници) изнесуваат 59,2 милијарди денари што е за 6,3 милијарди денари помалку во однос на реализираните расходи во 2002 година;

3) Предложениот централен буџет обезбедува целосна и редовна исплата на платите на буџетските корисници. Бруто масата за исплата на плати изнесува 20,95 милијарди денари што е за 2,6 милијарди денари повеќе во однос на реализацијата во 2002 година. Значи, тоа е дополнително оптоварување. Некои од причините зошто уште повеќе да оди намалувањето на буџетот со оваа негова структура.

4) Со предложениот буџет се обезбедува редовна и навремена исплата на пензиите. Вкупниот износ за исплата на нето пензии изнесува 24,4 милијарди денари што е за 2,1 милијарди денари повеќе во однос на 2002 година, повторно причина зошто се фиксирани некои бројки што не можат да одат уште понадолу во овој момент. Во 2003 година ќе продолжи исплатата на заостанатите 8% на пензионерите, а согласно Одлуката на Уставниот суд, ќе започне исплатата и на заостанатите 46% на полициските пензионери;

1) Обезбедена е редовна исплата на надоместоците на невработените и социјално загрозените, на детскиот додаток и на другите социјални надоместоци;

2) Обезбедени се 600 милиони денари за рефундирање на придонеси согласно предложениот Закон за поттикнување на вработувањето;

3) Обезбедени се 420 милиони денари за финансирање на расходите за внатрешно раселените лица;

4)Обезбедени се 1,6 милијарди денари за финансирање на отпремнини и надоместоци за невработеност за лицата од претпријатијата со загуби кои останувaат без работа;

5) Се обезбедува кофинансирање на инвестициони проекти финансирани со странски донации и кредити и враќање на ДДВ и акцизи. Некои пратеници веќе поднеле амандмани со кои дел од овие буџетски алокации предлагаат да бидат насочени за други намени. Тука би сакал да нагласам дека во овој момент скоро една четвртина од буџетот за оваа година е веќе потрошен и амандманското реалоцирање на буџетот може да создаде суштински и технички компликации. Техничките не се важни, со суштинските секако се важни.

6) За потребите на Фондот за земјоделство ќе бидат употребени 600 милиони денари, од кои 440 милиони денари за отплата на кредити користени минатата година. Меѓутоа, Фондот располага со значителни количини залихи на земјоделски производи со чија продажба ќе се обезбедат дополнителни средства за финансирање на неговите активности во областа на земјоделството;

1) Дефицитот во предложениот централен буџет изнесува 4,1 милијарди денари. Толку сакаат да не кредитираат и финансираат меѓународните субјекти, повеќе не.

2) За отплата на долгови по домашни обврзници и странски кредити предвидени се 11 милијарди денари, од кои 8,1 милијарди денари на име главница, 2,9 милијарди денари на име камата. Во овие рамки, покрај другото, обезбедена е целосна исплата на ануитетите од обврзниците за старото девизно штедење (3,7 милијарди денари) и обврзницата за денационализација;

1) За финансирање на дефицитот ќе бидат обезбедени странски донации во денарска противвредност од 2,9 милијарди денари и странски кредити во износ од 5 милијарди денари;

2) За финансирање на инвестициони активности во централниот буџет се предвидени 6,1 милијарди денари. Меѓутоа, покрај овој износ, во делот на сопствените приходи се обезбедени дополнителни извори на финансирање од донаторско и кредитно потекло во вкупен износ од 4,1 милијарди денари, а во Фондот за патишта се обезбедени дополнителни 2,2 милијарди денари. При тоа, треба да се има предвид дека зборуваме само за буџетскиот опфат на изворите за

финансирање на инвестициите. Средствата што се обезбедуваат преку јавните претпријатија и банките не се искажуваат во буџетот, тоа се сосема други.

Почитувани пратеници!

Наспроти се што е направено досега, наспроти познатата економска состојба, наспроти познатиот јавен екстерен и огромниот интерен долг на државата, наспроти истоштеноста на стопанството и населениоето да плаќа повеќе за јавните трошоци на државата, притисоците за поголеми буџетски ставки се огромни и од вашите амандмани досега. Владиниот одговор на тие апетити е дека на ова ниво на приходи и фиксни трошоци, недискрециони трошоци, тој не може да се зголемува. Едноставно нема од каде, освен ако некој предлага дополнително зголемување на даноци и онаа мерка што претходно ја спомнав и тоа на радикален начин.

Наспроти сите образложенија некои го поставуваат прашањето дали овој буџет е развоен или социјален. Некому може да му звучи парадоксално, но тој е и едното и другото.

Го помага развојот и тоа на приватниот сектор зашто на стопанството, во споредба со минатата година, му остануваат повеќе од 100 милиони евра.Веќе дејствува во правец на релаксирање на монетарната политика преку што започна извесно намалување на каматните стапки, што исто така ќе го поттикне развојот на приватниот сектор.

Фактот што ставката капитални издатоци е намалена, не ја доведува во прашање наведената оцена, а се разбира јас многу би сакал таа ставка структурно многу повеќе да учествува во Буџетот.

Други прашуваат дали е насочен кон остварување на уставната дефиниција дека Република Македонија е и социјална држава, на што особено не потсетуваат сите социјално загрозени лица и семејства. Одговорот е дека и овој буџет е “супер социјален” бидејќи близу половината од вкупниот износ го насочува за т.н. социјални трансфери: пензии, невработени, социјално загрозени семејства, детски додатоци, хендикепирани...., солидарно обештетување на имателите на девизни заштеди од поранешен систем итн.

Трети го поставуваат прашањето дали е политички во смисла на тоа дали води сметка за политичката рамноправност меѓу етничките заедници, дизајнирана сега според рамковниот договор од Охрид, при што посебно е актуелно прашањето за соодветната и правична застапеност на етничките заедници во државната администрација.

И побрзаа да одговорат дека е “неполитички”. Грешат. Владиниот одговор е: и покрај сите финансиски ограничувања, овој Буџет обезбедува реализација на Рамковниот договор. Имено, Владата усвои Акционен план за имплементација на Охридскиот договор.

Со него Владата се обврза да обезбеди средства, односно Буџет за негова примена врз следните принципи:

1) недискриминација и правична застапеност на заедниците во јавната администрација;

2) образование и употреба на јазиците;

3) развој на децентрализираната власт;

4) собраниски процедури согласно рамковниот договор и изменетиот Устав;

5) непречено изразување на етничкиот идентитет.

Во текот на 2003 година Владата усвои политика на подобрување на застапеноста на припадниците на заедниците во јавната администрација која брои вкупно 105.000 вработени и тоа: кај директните буџетски корисници застапеноста да се зголеми за 2,3 процентни поени (од 11,7 на 14%) кај останатите институции (фондови, агенции, управи за најмалку 2 процентни поени.

Реализацијата на планираната динамика ќе се оствари со соодветни политики кои што нема да ги доведат во прашање буџетските цели, буџетските квантитативни ограничувања и обврските превземени со Аранжманот со ММФ. Ќе се користат природниот одлив на лица по основ на пензионирање и ослободување на работни места по други основи. Дел од горенаведената проекција за застапеноста на припадниците на заедниците во државната администрација е веќе реализирана преку вработувањата во министерства за внарешни работи министерството за одбрана. Обезбедени се средства за легалните институции и за високото образование на етничките заедници, согланско на Уставот на Република Македонија.

Динамиката и праведноста при реализирањето на пресземените обврски ќе ја следи континуирано Комитетот на министри за имплементација на Акциониот план и доколку се покаже недостаток на средства ќе бидат обезбедени дополнително.

Впрочем, ќе биде следено вкупното остварување на сите политики за кои што зборував. Владата е одлучна овие политики и овој буџет да ги реализира бидејќи длабоко верува дека тие наскоро ќе почнат да даваат видливи резултати.

Затоа, топло ви препорачувам да го прифатите предложениот буџет.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Гошев за воведното излагање за Буџетот.

Молам, кој бара збор да се пријави.

Господинот Иванов бара збор процедурално, но за да му дадам збор мора да се пријави.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Рефератот беше долг. Во него беа изнесени многу нови моменти. Јас би замолил да се симне стенограмот за овој реферат за да можеме да го проучиме и рамноправно да можеме да дискутираме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Стручните служби ќе го симнат стенограмот и ќе го поделат на пратениците.

Дали има друг кој бара збор процедурално од пријавените? (Нема).

Можеме ли да продолжиме со работа, а во меѓувреме, бидејки експозето е во најголем дел во писмена форма, брзо ќе се подели, ќе може да учествувате во расправата веќе за 20-30 минути. Дотогаш ќе биде поделено.

Јас предлагам да работиме по дискусиите, а експозето во меѓувреме ќе ви биде поделено. Очигледно, според бројот на пријавените ќе имаме дебата и во понеделник, викендов ќе можете да го приучите, а оние кои се подготвени, предлагам да дискутирате.

Дали се согласувате, иамме уште еден час работа?

Предлага експозето да се умножува за пратениците, а да искористиме да продолжи дебатата.

Прв за збор се јави господинот Ѓеорѓиевски Љубчо.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Пожитуван претседателе на Парламентот, почитувнаи пратеници,

Овој ден треба посебно да го одбележиме како посебен ден во економскиот живот, во економската политика на нашата земја во последнив енеколку месеци, затоа што конечно, Владата на РМ , после нешто повеќе од 6 месеци од 15 септември наваму, почнува со економската иницијатива во нашата држава. И покрај тоа што се работи само за еден обичен буџет што во вообичаените држави се донесвуа пред 3 месеци, пред 4 месеци, ние во недостиг на други економски

иницијативи сметаме дека Буџетот треба да го цениме како исклучително важна економска појава во нашата држава, а нормално и соодветните закони што следуваат заедно со овој Буџет.

Зошто велам дека е исклучително важна појава затоа што ќе ве потсетам дека на граѓаните на РМ им беше ветено дека веднаш после 16 септември се почнува со економската обнова на РМ, а од тој 16 септември поминаа веќе 6 месеци додека ја дочекаме првата иницијатива во македонскито Парламент.

Меѓутоа, да поминеме на содржината. Најпрво би се задржал на Буџетот, иако преку Буџетот може да се види целокупната политика на Владата на РМ во наредните период, до крајот на годината. Сигурно дека Буџетот не треба да се гледа само преку неговите голи цифри, како што и министерот за финансии зборуваше, туку и за другата општа атмосфера, има простор да се каже што е тоа што цениме дека ќе произлезе од овој Буџет и нормално законите што се тука доставени во поглед на приходната и расходната страна на Буџетот.

На самиот почеток да почнам со Буџетот.

Претпоставувам дека Владата на Република Македонија направила се' од своја страна со ММФ да договори најдобро можен буџет за развој на РМ. Меѓутоа, независно од таа добра волја, мислам дека конечно и самите сватија дека преговорите со ММФ не се популизам во кој популизам на работниците и синдикатите им се ветува се и сешто, од закон за предвремено пензионирање, од ваков, од онаков закон за да сега слушнеме од министерот нешто што е реално, што и ние претходно јасно и прецизно го кажувавме, дека ММФ и Светската банка не дозволуваат такви закони. Значи, ние имавме таква ситуација каде што пред некаде една година од популистички причини се додоворуваа на Синдикатот, а сега вака грубо , прецизно и јасно кажуваат дека такви закони не можат да поминат. Јас имам разбирање за министрите во Владата, затоа што сме биле во таа кожа, меѓутоа пак ќе потенцирам дека е добро сите ние заеднички да извлечеме некоја поука од популизмот дека и кога сме во опозиција и кога сме во власт треба да браниме исти или слични принципи.

Меѓутоа, да поминеме нешто на она што сметам дека од овој најдобро одбранет Буџет од министрите и самата Влада го пресекла со ММФ, сметам дека едноставно не ми е јасно, можело да биде подобро, а некој би рекол дека е и фабричка грешка во самиот буџет.

Имено, Владата на РМ, од самиот почеток, со завршувањето на преговорите со ММФ , заклучувајки со денеска овде брани позиција дека договорениот дефицит

на Буџетот од -1,6% е голем успех на Република Македонија. Веднаш на старот сакам да кажам ако Владата на РМ сама наметнала позиција да биде минимален буџетскиот дефицит од -1,6%, а не е тоа наметната работа од страна на меѓународните структури, едноставно влегла во една , за мене, несватлива ситуација, затоа што ако денеска ги погледате буџетите ширум РМ , дали на Западна или на Источна Европа, истите ќе се уверите дека практично, јас незнам, можеби министерот за финансии знае, меѓутоа претпоставувам дека сем еден вид рекордери по буџетски дефицит во оваа тековна буџетска година.

Значи, во Европската унија просекот е -3%, да не зборувам за земјите во транзиција каде можете да најдете еден куп земји со -5%, -8%, -10% буџетски дефицит, така што тоа не е некоја доблест, особено што претходната Влада покажа дека може да работи и со поголеми буџетски дефицити, а тоа да не се одразува на надворешниот долг, што за мене е сепак една крајна цел во вид на една владина политика, дали ќе го зголемите надворешниот долг, а притоа ќе остварите развој во сопствената држава.

Значи, денеска тука имаме една малку необјаснива ситуација , значи ако не е наметнато од страна на ММФ, тогаш сметам дека самата Влада влегува во една стратешка грешка да брка некој рекорд што гледаме дека во цела Европа практично не функционира и земјите се однесвуаат на сосема друг начин каде што го зголемуваат буџетскиот дефицит за сметка на развбојната на буџетот и економскиот развој на самата држава.

Понатаму, во делот на она што сметам дека Владата можела да го поправи, тука веднаш да спомнам, значи доволно е да имало само еден мал поголем дефицит, да речеме од - 2% па ние да немаме рестриктивна политика, да имаме поголема развојн аполитика на Буџетот, поголеми проценти кај капиталнит еинвестиции во РМ и се' на се, после 10 години , една војна, друга војна, блокада, балкански војни, да не го стегаме сега повторно, непотребно, ременот во РМ туку да одиме со порелаксирана економска политика.

Вториот елемент што посебно заслужува внимание и каде што навистина сметам дека очигледно овде има некоја фабричка грешка во Буџетот и дури би замолил ако може Владата на Република Македонија да корегира нешто во таа насока , тоа е зголемувањето на ДДВ-то, кај приходната страна и, согласно со тоа, на таканаречениот Бранков закон кај расходната страна на Буџетот. Затоа што, навистина, имаме една многу јасна парадоксална ситуација што, не треба човек да

биде многу математичар, не треба многу да се занимава со економија, а едноставно да не ја види од далеку, односно да не ја види од авион.

Имено, министерот за финансии овде ни објасни дека зголемвуањето на ДДВ на еден голем број процент основни производи од 5 на 18% се должи затоа што од Буџетот сме требале да трошиме за социјални давачки, за обврзници, за старо девизно штедење и, најверојатно сето тоа е така. Буџетот треба да троши пари за таа работа. Меѓутоа, едно јасно се гледа дека , ако го споредиме овој Буџет со Буџетот од минатата година, точно ќе се види каде е разликата, за што ќе бидат потрошени априте од новиот Закон за ДДВ. Имено, имаме една ситуација каде што, навистина, не можам да не ја окарактеризирам на ниту еден друг начин освенкако чисто парадоксална ситуација, затоа што навистина цифрите зборуваат за парадоксална состојба во Буџетот.

ДДВ се намалува од 19 на 18%, што значи дека Буџетот на РМ се минусира со една милијарда денари. А, во исто време имаме донесување на Бранков закон што вреди некаде меѓу 700-800 милиони денари, што значи до крајот на оваа година, меѓутоа веќе за наредната година тие цифри зборуваат за 800 милиони, зна!и собирањето на овие две цифри го дава целиот приход од 2 милијарди денари што треба да се собере од вкупното зголемвуање на ДДВ во РМ.

Значи, ние имаме една ситуација каде што не треба на луѓето да им објаснуваме дека тие пари од ДДВ ќе бидат за социјални давачки, за ова или она, туку јасно гледаме дека целата концентрација на политиката е сконцентрирана на овој закон кој што , според мене, можеби кога ќе дојдеме подоцна ќе се спомне, по себе е многу контраверзен затоа што бизнисмените ги научија триковите на тој закон, отпуштаат стари вработени, примаат нови вработени и прашање е колкав ќе биде резултатот на новите вработувања.

Меѓутоа, сметам дека ова зголемвуање на ДДВ навистина е прво непотребно, а има и сомнителен карактер во себе, сомнителен од неговата оправданост. Јас ќе потсетам дека многу напаѓаниот воен данок што постоеше во минатата година во РМ, на Буџетот на РМ му собираше некаде од 6-7 милијарди денари, не се сеќавам точно на цифрата и тие 6-7 милијарди денари ниту еден граѓанин во РМ не ги почувствува. Едноставно фирмите, менаџерите тоа го калкулираа во својот профит, во приходот на својата фирма и едноставно обичниот граѓанин не чувствуваше по својот џеб. Овој пат, Владата на РМ се определи, според мене не само во РМ, туку во целиот свет неодамна имаше во Парагвај жестои демонстрации по улиците токму заради зголемвуање на овие даноци, се одлучи на еден практично најтежок чекот за

една Влада, да зголеми ДДВ, што значи директно бркање во џеповите на сите граѓани во Република Макеоднија. Повторно ќе потенцирам, со еден крајно сомнителен економски ефект. Затоа што од она што можеме да го видиме, приходите од ДДВ ќе бидат некаде 2 милијарди денари. Значи, некаде 3 пати помалку од тоа што ние сме го собирале минатата година без никој да го почувствува во државата и тоа 2 милијарди со совесниците и со становите и граедежните услуги. А мислам кога ќе се одземе и овој дел, мислам дека ќе падне на милијарда и 700 или милијарда и 600. Значи, во принцип ќе биде ден минимален приход на Буџетот, а со еден таков удар ќе се оптоварат сите граѓани на РМ.

Во таа насока на еден многу сличен популизам на актуелната Влада. Имено, ако ја оставеше без популистички мерки минатата година претходната Влада да ја доврши фискализацијата на Република Макеоднија, да ги воведе фискалнит екаси во РМ, јас ви гарантирам дека приходот што сега вие ќе го соберевте од таа фискализација на РМ ќе беше меѓу 2 и 3 милијарди денари. Така што, ниту ќе имаше зголемување на ДДВ, ниту ќе имавме посебни скратувања на Буџетот, а приходната страна на Буџетот ќе беше максимално задоволена. Сепак, се радувам што после една фаза на тој популизам од некаде 7-8 месеци, гледам Министерството за финансии сепак повторно тргна во кампања на довршување на фискалните машини. Ви гарантирам, што поскоро ги воведете фискалните машини, тука ќе ви бидат приходите во Буџетот на РМ, а не во зголемвуањето на ДДВ во Република Македонија.

Во таа насока, бидјеки математиката е чиста и јасна, сметам дека Владата има време во текто на денешнава седница, верувам дека овие закони ќе трајат и во текот на идната недела, да направи еден безболен чекор, да го повлече Бранковито закон од својата процедура и нема д аима потреба граѓаните на РМ да ги оптоваруваме со нови даночни обврски што овој пат , за жал, дирекно ќе ги погаѓаат сите поединечни граѓани , ќе задира во секој поединечен џеб и секоја поединечна фамилија. На тој начин, ве уверувам дека исто така ќе имате една голема релаксација и во економијата и Владата ќе дојде, дури тогаш во една состојба на идеален Буџет, дури таков Буџет што ретко кој може да го посака. Тоа е што се однесува на самиот Буџет. Инаку, вов рска со Буџетот, министерот за финансии зборуваше и за некои други состојби што треба да произлезат од ваквиот тип на аранжирање на Буџет во неколку сфери.

Беше спомнато дека, тој се надева дека благајничките записи, односно каматите во РМ за економијата ќе паднат драстично, спомна дека тие до вчера биле

14%, 15%, а сега веќе се намалени на 9,5%. Тука нема што посебно да коментирам, само ќе ја потсетам македонската јавност дека едно време, со претходната Влада, благајничките записи беа 8%, а меѓубанкарското позајмување беше 6,5%.

Што е тоа што се случи во изминативе 6 месеци, па благајничките записи од својата ниска стапка дојдоа до 14-15%, па сега овде прет Парламентот повторно да поставуваме цел дека требало да се вратат на 9%. Значи, нешто се случи во оваа држава. Некој шок се случи во економијата. Некој стрес се доживеа во банките и во макеоднските економски субјекти па имавме едно вакво драстично зголемување на овеи каматни стапки.

Втора работа, се спомнува дека ќе се преземат радикални економски чекори за затворање на загубарите, што во принцип мислам дек ане е лошо. Секоја влада што доаѓа ги прифаќа тие мерки од Светската банка и ММФ. Меѓутоа, веднаш им се нуди на работниците, како контра замена дека тоа ќе биде решено со брзи странски инвестиции. Можеби е тоа добро кажано. Меѓутоа, атмосферата што ја гледаме во Република Македонија не Зборува дкеа странскит еинвестиции доаѓаат толку многу брзо во нашата зема. Напротив, можам да кажам дека стресот што го прави актуелната Вада во својот пакт со синдикатите на партизанско преземање на фирми, бркање на странски инвеститори, правење на афери за директори на фирми, постојано неинтервенирање таму каде што полицијата треба да интервенира, дури и каде што иамме чисти судски решенија, јавно пактирање на владини претставници со синдикатите таму каде што треба да се сруши некој директор, а инаку приватизацијата е завршена во таа фирма, не гарантира некоја посебна атмосфера дека откао ќе ги затворите сите тие фирми, што гледаме дека дневно ги затворате, дека веќе после два месеци ќе се појави некој странски инвестирот, сериозен странски инвеститор па ќе ги земе тие фирми што вие сте ги затвориле. Напротив, праксата во изминативе 6 месеци зборува за нешто сосема спротивно. Дека, покрај законите, покрај Буџетот што го давате пред нас овој пат, има нешто што се нарекува атмосфера за да може тој Буџет да биде исполнет. А таа атмосфера што ја гледаме во изминативе 6 месеци, можеме слободно да ја окрактеризираме дкеа се одликува со бекство на странски инвестиции, максимално пасивизирање на домашните инвеститори и едноставно максимално уништување на она што се нарекува потрошувачко општество. Секој капитализам, секоја пазарна економија, мислам дека 1990 година влеговме во апзарната економија, една од основните цели што се сака да се постигне во државата е да се зголеми потрошувачкото општество. Ако ги погледнете западно-европските индикатори, економски индикатори,

индикаторот на довербата и на потрошувачката на граѓаните е на прво место пред сите други статистички подоатоци.

Не треба да бидеме многу аналитички затоа што таков податок немаме во Република Македонија, меѓутоа ако ја погледнеме довербата на македонскиот потрошувач, купувач во севкупната македонска економијан ќе видиме дека таа е нели, во овој момент на најниското можно ниво. Јас можам да кажам дека во оваа држава имаше две војни, косовска и македонска војна, па довербата на потрошувачите и купувањето беше поголемо отколку сега. Значи, повторно доаѓаме до онаа што го нарекуваме кој е тој стрес што оваа Влада во Република Македонија го прави, за да неможеме да ја почуствуваме вистинската економска активност. Во таа насока јас неможам ништо друго да ви кажам освен во поглед на вашите проценки на Буџетот што ги давате, а ви дадам една проценка која најверојатно ќе ја провериме некаде за шест до седум месеци, мислам дека и покрај тоа што расходите на Буџетот ги смалувате оваа Влада ќе биде доведена поради слабата економска активност во државата и слабите странски и домашни инвестиции, веќе негде во септември, октомври да прави нов ребаланс на Буџетот затоа што и овие приходи на Буџетот што ги имате планирано во овој момент не ќе можете да ги остварувате. Сигурно Министерствтото за финансии знае ако ги погледне нели приходите кој ги собира во овие три месеци најверојатно потсвесно ќе се согласи со мене дека ако овој циклус на економско паѓање надолу продолжи и во наредните неколку месеци и не се случи нешто шокантно во македонската економија да тргне во позитивен правец дека овој буџет, веќе намален буџет, вие ќе морате да го ребалансирате веќе за половина година за да можете да ги остварите основните државни функции.

Втората работа која сакам да ви ја предвидам, нели вие имате предвидено пораст на ЈДП ОД 3%, сакам уште денеска да конвертирам потез дека крајот на годината не само што нема да заврши со плус 3% на ЈДП, туку вие ќе имате сериозен минус на ЈДП и тоа од -3%, што е повторно работа што ќе ја видиме до крајот на годината. Меѓутоа, првиот квартал јасно предвидува и јасно ја дава сликата на она што може да се случува понатаму.

Конечно, доаѓаме до еден голем збор што го гледаме и во самиот буџет и постојано оваа Влада го кажува во РМ, а тоа е зборот штедење. Дека ова би била година на штедење, Буџетот ќе бил буџет на штедење, економските мерки ќе биле

економски мерки на штедење. Сакам само да потенцирам една работа дека не секогаш кога некој вели дека сака да штеди дека штедењето станува идеалност.

Дека е тоа така ќе ви го елаборирам практично токму со цифрите од сегашното штедење. Од кога дојде оваа Влада на власт ние слушаме за зборот штедење, штедење, штедење и слушам дека тоа најверојатно и во буџетот се гледа, се штеди на кафето на администрацијата, на соковите на администрацијата, на кој со какви карти ќе се вози, кој со какви автомобили ќе се вози и тоа е најверојатно добро за популизам. Најверојатно има одредени слоеви на граѓани на Република Македонија на кои им е поважно да слушнат дека некој министер се вози во приватно возило а не во државно, така барем беше првите два месеци. Сега мислам дека и тоа  се надмина. Меѓутоа, не сакаме да ги видиме правите проблеми, каде што никој лично не се спомнува, меѓутоа, сите лично сме загрозени.

Има некои неверојатни цифри што јас неможам да ги објаснам. Имено, ќе кажам само две цифри. Со целото штедење, со целото неинвестирање, со целото неисплаќање на тутун, млеко, сирење, сите оние средства што се случуваат, со целото неисплаќање на градежни фирми, на сето она што е сврзано со Буџетот на РМ, имам податок од крајот на јануари затоа што девизните резерви станаа супер тајна во РМ, а во наше време тоа беше јавен податок што можеше секој да го сретне во секој момент. Претпоставувам тоа го правевме затоа што секој ден растеа девизните резерви на РМ.  Ова е податок од крајот на јануари. Значи девизните резерви на РМ се стопени на 690 милиони долари.

Почитувани парламентарци, почитувани граѓани на РМ,  кога ќе ви кажуваат за добрите комунистичко-популистички мерки дека државната администрација веќе нема право кафе да пие, имајте на ум една работа дека од доаѓањето на оваа Влада девизните резерви на оваа земја, значи таа бројка која треба да ги апсцинира сите други бројки во РМ, значи дневно се топат и на крајот на јануари се стигнати на 690 милиони долари. Претпоставувам, за овој месец ипол уште повеќе се намалени. Ако се зголемени, најверојатно ќе има некоја реплика. Значи тоа е таа бројка која ја определува судбината и на новата економска политика и на секој граѓанин во РМ. Згора на тоа да спомнам, исто така на крајот од јануари, надворешниот долг на РМ се зголеми за нови 50 милиони долари.

Почитувани парламентарци, јас пак ќе кажам најверојатно буџетот на РМ, законите кои следуваат после тоа, кои треба да ја регулираат приходната и расходната страна на буџетот, се правени од некоја најдобра намера. Меќутоа, има нешто што се случува во атмосверата, во економската состојба на нашата држава,

што не зависи ни од буџетот, што не зависи ни од законите, а пред се, санкционирана од два параметри. Прво, постојанното терористичко пукање од остатоците на ОНА односно АНА. Значи едниот коалиционен партнер во оваа Влада на РМ и гарантот на Охридскиот договор, меѓународната заедница, не си ја вршат работата до крај. Тоа секојдневно држење на државата во политичка дестабилизација и напнатост, конечно да им се с тави точка затоа што тоа е главниот генератор на стрес на економијата, на странските инвестиции. Значи тоа е едниот елемент, а за тоа е директно одговорна Владата затоа што, колку што знам, наследниците на торооритичките групи денес е во Владата на РМ. Вториот момент е останатиот однос на Владата на РМ спрема економијата каде што има една невидена хајка на се она што се нарекува приватен бизнис, инвестиции, странски и домашни и нормално луѓето бегаат од економијата.

Токму со тоа сакам да ви укажам дека е добро после 6 месеци ние прв пат имаме можност да слушнеме нешто за економијата од новата Влада на РМ. Значи добро е што оваа влада после шест месеци сватила дека постои и економија во нашата држава, добро е што имаме буџет, тоа е еден голем настан за нашата држава, затоа што мислев дека ни буџет нема да имаме. Добро е што Владата ги затвори сите дупки во претходната година и почнува од нула за да може секој резултат во новата година да каже дека е резултат на сопственото водење на една политика. Меѓутоа, уште еднаш ќе алармирам дека во РМ покрај општиот економски застој кој е евидентен и сите го гледаме, имаме две страшни бројки кои мене ме плашат како граѓани на РМ. Тоа е драстичното и дневното топење на девизните резерви на нашата земја и бллагото, меѓутоа сериозно зголемување на надворешиот долг на нашата земја. Верувајте дека тие два параметри ја одлучуваат економската иднина на РМ и верувам, дека, додека не сме гозавршиле гласањето за буџетот на РМ, сметам дека Владата на РМ има сеуште простор да го одложи зголемувањето на ДДВ што треба да го почувствува секој граѓанин на РМ затоа што затоа има простор во овој буџет што ни го нуди овде.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор бара министерот за финансии:

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, Морам да кажам нешто после ова излагање на г-динот Георгиевски,

Во принцип секој има право да дискутира за која сака тема. И за економијата има право секој да дискутира. За економијата има право да дискутира и мајками Љубица. И она може за економијата да размислува од еден аспект кој апсолутно е неспорен.

Не сакам да навредам, навистина сакам најотворено да кажам неколку работи за оваа елаборација на кој начин на прашањата, бидејќи може секој граѓанин, исто така да биде навреден, ако кажам, нема право граѓанинот да дискутира за економијата. Напротив има право. Меѓутоа, на пример мајка ми може да каже дека пензијата и е мала. Може да каже дека едни имаат други немаат. Може да забележи дека едни се збогатуваат на нечесен начин, други со голем труд. Може од повеќе аспекти да забележува дека работите во обласга на економијата, на државата нечинат, низ, се разбира да има полно аргументи за тоа. Има право, се разбира и г-динот Георгиевски да зборува. Меѓутоа, иако четири години беше премиер, по некогаш некои работи кои нема доволно да се согледаат, тоа не му е фак на Георгиевски, нема да му замерам, може да настане поголем куршлус во поврзувањето на нештата и во барањето на причини зошто некои работи се така сега, зошто пред шест месеци биле поинаку.

Прво во врска со дефицитот од 1,6.

Поголем дефицит, меѓународните кредитори не сакаат да финансираат. Знаете лизошто, затоа што велат вие две години не сте способни да обезбедите фискална дисциплина. Се случи 2002 година, вие го растуривте буџетот, ги пречекоривте буџетските лимити во огромни износи. Заради тао што ги пречекоривте вие буџетските лимити во огромни износи, мораше да страда монетарната политика, да се качат каматните стапки, се разбира, за да се одржи оваа ниска инфлација. Последиците од тоа, се разбира, е недовербата на меѓународната заедница да даде повеќе пари за финансирање на македонски дефицит што сакаме ние да си го создаваме, независно колку имаме пари за тоа или не. Те господа научиле да прочитаат реченица, да прашаат колку чини таа реченица и второто прашање веднаш да следи, полека од каде ќе се плати таа реченица. Тие господа, фала им што на некој начин, да сме способни, добро, да не сме се довеле во таа ситуација, добро, но сме се довеле во таа ситуација да дојдат да ни кажат дека вие не можете да трошитеј повеќе отколку што создавате. И дека ако сакате да трошите повеќе најдете си пари повеќе од вашиот народ и од вашите фирми. Ние сакаме да ви исфинансираме 1,6% дефицит. Повеќе не. Ако сакате повеќе да направите, ќе си ги зголемите даноците, ако може да плати вашиот народ. Значи,

последица за тоа зошто Македонија не може да добие поголема финансиска поддршка за платниот биланс е неодговорното однесување во претходната година кога се направени големи пречекорувања буџетски, кога е растурена буџетската политика, буџетските ограничувања, финансиски. Тоа е резултат на ова.

Зголемувањето на ДДВ кое се претставува како зголемување на оптоварувањето на стопанството, се користи како крајно популистичка мерка од тие што денес зборуваат дека популизмот не треба да се употребува и дека треба и кога си во опозиција и кога си на власт, да ги користиш истите аргументи.

Населението и стопанството идната година ќе платат помалку. Да се каже дека нишо не почувствувале стопанството и граѓаните затоа што со воениот данок им се земале 5,6 милијарди денари, тоа значи да им земеме уште толку па да видиме. Навистина тоа е интересна теза на г-динот Георгиевски, наспроти тоа што тој данок, буквално ја деструира економијата, што е крајно лош деструирачки, што ја стимулира сивата економија, доневидени размери, затоа што директните плаќања се одданочуваат, директните трансакции. Укинувањето на тој дсанок престанувањето да се наплаќа тој данок, веќе во овие три месеци има резултат, затоа што готовите пари во оптекот се веќе намалени за цели три милијарди денари. Тоа значи, економските субјекти изгубиле мотив, или дел од нив изгубиле, сивата економија е сеуште висока кај нас, да ги кријат финансиските т рансакции и да плаќаат во ќеш толку колку што плаќале. 6,5 милијарди дас се каже дека ништо не било, па ние можевме да донесеме одлука тие 6,5 милијарди да ги оставиме, да го оставиме истиот данок на финансиски трансакции, или да го преточиме во некој друг данок, но кажав колку би требало да се покачи, на пример ДДВ, кога таа вредност би ја сакале и ние денес не би биле критикувани зошто сме мрднале во структурата на ДДВ, за нешто малку во структурата. Се откажуваме од 6,5% милијарди денари, обезбедуваме со оваа интервенција 1,8 милијарди денари. Значи му оставаме на стопанството многу, многу поголем простор.

Дали, тоа ги оптоварува граѓаните? Еден дел, се разбира ќе го почувствуваат тоа. Вкупно на крајот на годината тоа ќе има ефект од 0,5% врз трошоците на животот. Зошто? Затоа што со ДДВ вредност, со стапката од 19%, која беше 19 досега, одсега ќе биде 18%, се обезбедуваат, од вкупниот износ на ДДВ 87% од 21 милијарда што доаѓа од ДДВ, а само 13% се обезбедуваат од стапката на производите што се со 5%. Таа стапка на производи од 5%, обезбедуваше само 13% ДДВ. Всушност сега ја делилме на две категории. Едната категорија оди на 18% другата останува на 5%. Таа што останува на 5% е храната која учествува во тие

13% со 60%. Значи само 40% од тие 13% се поместуваат. Се разбира има тука некои осетливи производи. Меѓутоа, се разбира, ние и до тоа не моравме да дојдеме ако не се случеше онаа политика, особено во 2002 година кога се сакаше да се купат изборите, со многу пари. На пример, немаше нии случајно да мрднеме во стапката на ДДВ ако Фондот за земјоделие не се задолжел 420 милиони денари, да зема кредит од балканска и од македонска банка и да делил субвенции и за лубеници, и за што треба и за што не треба и за купување на гласови и што друго. Сега треба да го вратиме тоа. Немаше да мрднеме со стапката ни трошка ако на пример некмои од стоковните резерви не му дал 309 милиони депозит на оној господин чија банка крахира и кој имал директни одлуки од претходната Влада да зема кредити и да се задолжува со гаранции од Народната банка.

Тие 309 милиони ги немаме. Немаше да мрднеме ништо во сето ова ако на тој исти господин Народната банка, врз основа на одлуки на Владата претходна, не му издала гаранции од 21 милион долари, за да работи тој бизнис комплетно. Немаше, се разбира да мрднеме ни со толку, туку уште ќе одевме надолу ако на пример од Телекомот земевме само една милијарда долари добивка, а не 2001 година оствариле 3,7 милијарди, 2002 година пријавуваат 1,2 милијарди, другите пари ги префрлуваат преку Мобимак, преку трансакционите цели и се разбира, од една фирма од која имавме 50, 100, 150 милиони марки профит, заради начинот на работење, не заради приватизацијата, заради начинот, заради личните аранжмани што се направени, на државата не и плаќаат скрешена пара. А личните аранжмани на таа фирма, на тој Телеком, кој што беше златна кокошка за Буџетот, бидејќи парите ги обезбедува уште на монополски начин од граѓаните на овој народ, давале донации да речеме и кај министерката за култура лично и тн., едно милионче само на пример долари во изборната година. Значи, не добиваме ништо. Немаше да мрднеме ништо, буквално, ќе одевме уште натаму во намалувањето на трошоците, ако на пример ОКТА не се продадеше на тој начин како што се продаде. Немаше.

Почитувани пратеници, јас незнам дали можам да изнесам податоци за кои расправаше Владата на Република Македонија, штетата од договорот со ОКТА која што ја плаќаат македонските граѓани ќе изнесува меѓу 600 милиони и една милијарда долари. Поранешните влади грешеа што го штитеа стандардот на граѓаните со цени на нафтени деривати од ОКТА, па таа искажуваше да речеме загуба. Но тие другите, претходната Влада, па и лично господинот Георгиевски кој што ја продаде на тој начин, овозможи граѓаните на Република Македонија да бидат ограбени, буквално ограбени и овие износи за кои разговараме денес, ова се

смешни износи во споредба со загубите од тоа. Немаше да пипнеме ништо во врска со приходната страна, ако не констатиравме колкави загуби се направени во Фондот за здравство. Немаше да пипнеме ако еден маус за компјутер не се плаќал по 1000 евра, ако еден разладувач не се плаќал по 6000 евра, ако господинот екс министер за полиција не плаќал кому стигнал пари за ангажирани лица кои ни случајно не можат да бидат резервисти, полицајци, војници и тоа во големи износи. Знаи, немаше ништо од тоа да правиме.

Според тоа, ве молам, немојте да дискутирате за тие работи, не потсетувајте. Дозволете ни да гледаме напред да направиме нешто што може да се направи во дадената ситуација, бидејќи доаѓаме до многу смешни заклучоци, како на пример прашањето: Зошто благајничките записи стигнале до 15%, 14%, кога некогаш биле 8%? Можеби биле 8% одамна не паметам, можеби и биле, ама минатата година ние донесовме овде ребаланс, прво што направивме. Со тој ребаланс констатиравме неизмирени долгови од околу 4 милијарди денари, па само што го усвоивме, откако отидов во канцеларијата, пристигнуваа нови неизмирени обврски, стари. Сега имаме уште неутврдени неизмирени стари обврски. Тоа плаќање на тие обврски и таа кампања што се тераше во 2000 година, со сите тие потрошени кредитни средства, со сите тие претумбани позиции на Буџетот, префрлани во Министерството за транспорт и врски или во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од една во друга позиција, до душа носени не со одлука на екс министерот за финансии, донесувани со одлуки на Владата тие ги создадоа условите, убризгаа пари во пеналите и тие ги кренаа каматните стапки, за што Народната банка, обврзана со ММФ, мора да ја држи инфлацијата и девизниот курс за да остане иста. Ама тие убризгани пари повеќе од реалното ги намалија девизните резерви за стотина милиони долари. Значи, тоа е причината зошто се намалија и девизните резерви. Тоа е врзана работа, девизниот курс, девизните резерви, фискалната политика и Буџетот функционираат врзано и дејствуваат заеднички во една или друга насока, усогласено или дисонантно, но последици произведуваат ако не бидат синхронизирано водени.

Затоа, господине Георгиевски, се качија благајничките записи толку, а сега со стегање на фискалната политика овие месеци се создаваат тенденции за намалување и стигнавме до 9,2, ама треба да стигнеме многу пониско од тоа, бидејќи стопанството не може да се кредитира со тие високи каматни стапки.

За странските инвестиции ни случајно не спомнав дека ќе дојдат, ќе навалат во Македонија, констатирав само дека ги нема и дека сме на дното на скалата на

транзиционите земји и дека нема да доаѓаат во Македонија, ако има висока корупција каква што имавме, ако политичко безбедносната состојба не е добра, ако овде во овој Парламент се зборува подолго за капите, за шамиите, за џамиите, за црквите, за наводни обесправувања и таму каде што ги нема, ако тие теми не станат второстепено прашање, ако некој не подметнува таму бомби под возовите и на овој Балкан не убиваат премиери пред вратата на нивните работни простории - гогаш ќе дојдат странски инвестиции. Но за тоа не може да биде виновен ниеден министер, не може да биде виновен ни само еден премиер, не може да биде виновна ни само една Влада, иако Владата на една земја има најголема одговорност за состојбите во една држава. За тоа можат да бидат виновни и сите членови на Парламентот или некои, и многу политички партии и во позиција и во опозиција, и многу граѓански организации, и многу верски организации, и многу културно уметнички друштва, кои посебно ги љуби господинот Љубе Бошковски. Значи, мора да се води сметка за сето тоа.

Се извинувам што на овој начин морав да одговорам, меѓутоа, има многу примери. Ако ја сакате, ако ја љубите темата како се трошени парите, во понеделник или кој ден сакате ќе донесеме извештаи и ќе потрошиме еден ден за наоди од инспекциските органи, од ревизорите, финансиската контрола и ќе зборуваме само за тоа прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Прво, на почеток се извинувам, не разбрав, разговарав со господинот Гечев дали ова беа ставови на мајка му Милица или беа ставови на министерот Гошев.

Инаку, што се однесува до одговорот, мислам дека имаше се и сешто муабети. На тие се и сешто муабети ќе дадам само кратки реплики, ако дозволува времето, но ќе се задржам на она што е главна поента.

Прво, загубите биле топтан 600 милиони долари - јас колку што знам Македонија за три години нема увезено само за 600 милиони долари нафта и би било убаво тоа да ни се даде аргументирано, да видиме какви се загубите. Кога сме тука, колкави се загубите за 150 илјади тони нафта увезна без царина од “Макпетрол”, дозволени во последните неколку месеци.

Второ, за дивидентите на  Телеком, колку што знам Владата веќе ги имаше сменето своите претставници и тие можеа да ја употребат својата “златна акција” да го запрат финансискиот извештај, да биде прием во оваа година, така што наместо да се спротивставаат на тој финансиски извештај, тие се договорија за пет кадровски решенија, да сместат нивни партиски функционери во Македонскиот телеком. Тогаш не им беше важна дивидентата на Телеком, им беа важни кадрите што ќе ги сместат во Телеком.

Сега да се вратам на главната работа , Буџетот, затоа што за Буџетот разговараме денес. Значи, што се однесува за Буџетот, би сакал само да спомнам, она што добро го кажа господинот Гошев и се обидуваше од срце да го брани. Затоа, како реплика ќе искористам едно прашање.

Дали, господине Гошев, е точно дека на вашиот последен разговор, во кој вие сте учествувале со ММФ, бил договорен дефицит на Буџетот од минус 2,2% и без зголемување на ДДВ и без воведување на бранковиот закон за вработување и дека на последниот разговор, каде вие немате учествувано или скромно имате учествувано  е сменет последниот договор што сте го имале со ММФ. Тоа е реплика на вашиот одговор дека ММФ не ви дозволува поголем буџетски дефицит од 1,6%.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Другото нема да го коментирам, бидејќи пак не е точно. Само во врска со ОКТА, целиот договор колку ќе ја чини Македонија на крајот за целото времетраење, ако сакате мало прецизирање. А коментарите што ги слушнав или што ги прочитав во некои весници, како луѓето од ММФ разговарале одделно со премиерот, одделно со министерот за финансии, се ефтин обид, ефтина интрига, навистина, затоа што ниту едно прашање не премиерот туку и министрите не беа во прилика да не го знаат, да не знаат што се случува за време на преговорите и за преговорите комплетна координација и заеднички ставови имавме и со премиерот и со соодветните министри, комплетна. Инаку, нивниот предлог за дефицит во идната година ќе биде 0,9, уште помал од овој. Зошто, за тоа треба да размислуваат сите претходно што работеле и што ги довеле тие луѓе да мислат дека на Македонија не може да и се дозволува поголем дефцит. Зошто? Сите треба да размислуваат, зошто мислат дека Македонија може да дојде во ситуација да не може да ги

отплатува странските долгови. Кога ќе ги убедиме во нашата фискална дисциплина, кога ќе ги убедиме за нашиот не долгорочен, туку среднорочен економски одржлив капацитет, тогаш и многу поголеми дефицити ќе ни дозволат, без оглед на обврските што би ги имале со Европската унија и тн. , ќе го имаме истиот дефицит како и Европската унија. Еве, тоа е одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓата Самоиловска бара реплика:

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Бидејќи бев спомната во излагањето на министерот за финансии, прво, од средствата од продажбата на Телеком не и беа дадени на министерката за култура, туку во Министерството за култура и искористени за заштита на спомениците на културата во Републиката.

Второ, благодарам, но веќе не сум министер за култура, сега сум пратеник во Собранието на Република Македонија.

И трето, господине претседателе, јас знам дека според Деловникот министерот секогаш како предлагач, кога ќе се јави за дискусија има право да добие збор, но ќе ве замолам во иднина да ни овозможите и на нас пратениците да си го заработиме пратеничкиот леб, па така да имаме повеќе време и ние за дискусии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега е 16,55 часот. Предлагам да прекинеме со расправа.

Ќе продолжиме со седницата во понеделник, само во 10,00 часот. Веќе е топло, денот се зголеми и нема причина да работиме од 11,00 часот.

Во понеделник во 10,00 часот продолжуваме со седницата.

(Седницата прекина во 16,55 часот).